МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ПО ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПРОБЛЕМАТИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ВО УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

СТУДЕНТ: **ГОРДАНА ПАНЕВА**
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р СОЊА РИЗАНОВСКА - ЈОВАНОВСКА**

Свети Николе, 2020

КРАТОК ИЗВАДОК

„Образованието треба да се стреми кон тоа да ја доведе моралната, интелектуалната и физичката природа на учениците до совршенство, за тие да можат да дадат најголем можен придонес за себе и за другите“ – Ема Харт Вилар.

Проблемот со нарушувањата во однесувањето на учениците е глобален проблем. Збирот на елементи, како што се: пол, старост, социјален статус, ниво на интелигенција, влијанието на телевизијата, моменталната економска ситуација, образовниот систем, распадот на семејството, продлабочениот јаз меѓу богати и сиромашни, неизвесноста на општеството, се дел од комплексот на фактори, коишто можат да влијаат на појавата на нарушувања во однесувањата на децата. Насилното однесување во училиштето, кое сè повеќе ја возбудува јавноста, е израз на конфликтот и постоењето на насилно однесување во семејството на ученикот. Наставната програма која е преобемна, учениците ги поставува во ситуација целото воннаставно време да го поминат во учење со цел подготвување за настава за наредниот ден. Стилот на настава кој се изведува и практикува во училиштето; насилното однесување на работното место и институциите во кои се вработени родителите на ученикот, како и насилното однесување на улица во градот каде што живее ученикот или во чие опкружување се наоѓа ученикот, создава поволен амбиент да се прошират и зацврстат сите облици на нарушено однесување на децата, учениците, младите и возрасните, при што многу од нив се претвораат во насилници и се однесуваат насилно, а голем дел стануваат нивни жртви, жртви на многубројни облици на насилно однесување. Училиштето и одделението како средина во која се одвива ученичката интеракција, влијаат на тоа во која форма и со кој интензитет насилното однесување ќе се случува и каква моќ на влијание ќе имаат можните заштитни фактори и факторите на ризик. Училиштето како институција во прв план ги става двете партнерски страни во воспитно-образовниот процес: учениците и наставниците. Затоа, на наставниците не треба да се гледа само како на предавачи или пренесувачи на знаење, нивната улога не е само тоа. Тие имаат улога да ги оспособуваат учениците за понатамошно образование и живот. Наставниот кадар со своето однесување е важен фактор во спречувањето и следењето на насилни однесувања меѓу учениците, како и промена на асоцијалните облици на однесување во просоцијални однесувања.

Short Excerpt

„Education should seek to bring its subjects to the perfection of their moral, intellectual, and physical nature, in order that they may be of the greatest possible use to themselves and others." – Emma Hart Willard. The issue of student behavioral disorders is a global problem. The combination of elements such as gender (sex) , age, social status, intelligence level, the influence of television, the current economic situation, the educational system, the breakup of the family, the deepening gap between reach and poor and societal uncertainty, are all part of the complex of factors that can influence the occurrence of behavioral disorders in children. The violent behavior at school, which is increasingly arousing the public is an expression of the existing conflict and violent behavior in the student's family; the curriculum that is too extensive so students are put in a situation where they need to spend all of their free time in preparing for classes for the next day; the teaching style that is being performed and practiced at school; violent behavior at the workplace and at institutions where student's parents are working, as well as violent behavior on the streets in the city or in the vicinity where the student lives. All of these factors create a favorable environment to expand and strengthen all of the forms of disordered behavior in children, students, young people and adults, with many of them turning into bullies and behave violently and many others becoming their victims, victims of the many forms of violent behavior. School and the class as an environment where student interaction takes place influence the form and intensity of the violent behavior and determine the power of influence of the possible factors of protection and risk factors. The school as an institution puts the two partner parties in the educational process in the first place: the students and the teachers. Therefore, teachers should not only be seen as lecturers or a medium for knowledge transfer, since their role is much more than that. They play a role to prepare students for further stages of life and education. The teaching staff with their behavior is an important factor in preventing and monitoring violent behavior among students, and can contribute to making changes of asocial forms of behavior in forms of prosocial behavior.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 6

I.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ 10

1.ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ 11

2. ПРОБЛЕМАТИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И НЕГОВИОТ КОРЕН 15

3. АГРЕСИЈА 23
3.1. АГРЕСИВНОСТ, АГРЕСИЈА И НАСИЛСТВО И РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ИСТИТЕ 25
3.2. АГРЕСИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА 29
3.3. АГРЕСИЈАТА, СЕМЕЈСТВОТО И ВРСНИЦИТЕ 30

4. ЛАЖЕЊЕ КАКО ВИД НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ 33

5. КРАДЕЊЕТО КАКО ФОРМА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ 37

6. ОСТАНАТИ ПРОБЛЕМАТИЧНИ ОДНЕСУВАЊА И НИВНИОТ ОДРАЗ 40

7. ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ 43
7.1. СЕМЕЈСТВОТО – ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ 43
7.2. ОБРАЗОВАНИЕ И ИНСТИТУЦИИ 45
7.3. ОПШТЕСТВЕНО – ЕКОНОМСКА КРИЗА ВО ДРЖАВАТА 47
7.4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИЧНОСТА 48
7.5. СЕКОЈДНЕВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ 48
7.6. ВРСНИЦИТЕ 49
7.7. РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА 51

II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 53

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 54
2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 55
3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 55
4. ХИПОТЕЗИ 56
5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 56
6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 57
7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК 59
8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ 60
9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 60

III РЕЗУЛТАТИ 61

1.КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 62
2.КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 107

IV. ЗАКЛУЧОК 113

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 115
ПРИЛОЗИ 117

ВОВЕД

„Разбудете ја страста кон учењето. Ако го направите тоа, никогаш нема да престанете да созревате.“ – Антони Д’Анџело

Образованието треба да се стреми кон тоа да ја доведе моралната, интелектуалната и физичката природа на учениците до совршенство за тие да можат да дадат најголем можен придонес за себе и за другите.“ – Ема Харт Вилар

Овој магистерски труд би го започнала со овие два цитати, кои имаат за цел да го претстават образованието како фундаментално човеково право, кое им овозможува на децата, младите и возрасните критички да размислуваат, да прават сопствени избори, да си го подобрат животот и притоа да бидат моќни и да донесуваат разумни одлуки.

Како сведоци на глобалните промени, свесни сме дека секое општество настојува да одржи рамнотежа, но, секако, сите сегменти не функционираат паралелно, па кога некој дел функционира помалку, тогаш другите делови, т.е. сегменти ја преземаат неговата фунција или ја надополнуваат.

Како во општеството, така и во семејството постои потреба за рамнотежа. Децата како најосетливи и најприемчиви членови ја одржуваат рамнотежата и најчесто преку проблематично однесување ги привлекуваат вниманието и активностите на семејството, а често нивното изразување на чувства или однесувањето кое им е забрането (независно дали е од семејството, училиштето или општеството) или кое го потиснуваат, ескалира во проблематично однесување. За жал, многу луѓе, родители, наставници не ги забележуваат овие нездрави облици додека се во „рана“ фаза, туку откако тие ќе кулминираат во различни форми за кои ќе пишувам подоцна. Понекогаш, во последно време и почесто, тие ги игнорираат или оправдуваат постапките и однесувањата на децата сè додека не дојде до сериозни кризи или интервенции од надворешноста, а секако одговорноста на крај секогаш е префрлена на детето.

Проблемот со нарушувањата во однесувањето на учениците е глобален проблем. Збирот на елементи, како што се: пол, старост, социјален статус, ниво на интелигенција, влијанието на телевизијата, моменталната економска ситуација, моменталната здравствена состојба (пандемија), образовниот систем, распадот на семејството, продлабочениот јаз меѓу богати и сиромашни, неизвесноста на

општеството и сл., се дел од комплексот на фактори коишто можат да влијаат на појавата на нарушувањата во однесувањата на децата. Насилното однесување во училиштето, кое сè повеќе ја возбудува јавноста, е израз на конфликтот и постоењето на насилно однесување во семејството на ученикот, наставната програма која е преобемна па учениците се поставени во ситуација целото воннаставно време да го поминат во учење со цел подготвување за настава за наредниот ден; стилот на настава кој се изведува и практикува во училиштето; насилното однесување на работното место и институциите во кои се вработени родителите на ученикот, како и насилното однесување на улица во градот каде живее ученикот или во чие опкружување се наоѓа ученикот. Со сето ова се создава поволен амбиент да се прошират и зацврстат сите облици на нарушено однесување на децата, учениците, младите и возрасните, при што многу од нив се претвораат во насилници и се однесуваат насилно, а голем дел стануваат нивни жртви во разни и многубројни облици на насилно однесување.

Периодот на адолесценција, од досегашното лично искуство, не е ниту малку лесен период ниту за детето - младиот човек, ниту за родителите и наставниците. Секое дете е различно, личност за себе и секое треба да се набљудува одвоено од семејството во коешто расте и живее. За тежината на пубертетот дополнително придонесуваат и средината, врсниците, училиштето, а доколку само еден дел од ова не функционира, може да дојде и до сериозни проблеми, конфликти, нарушувања. Резултатите кои ги добиле британските научници покажуваат дека од вкупно 8000 тинејџери врз кои било вршено испитување, 27% се чувствуваат депресивно, а причина за тоа е притисокот од училиштето, врсниците, како и преголемите очекувања на родителите.

Децата низ конфликти се учат на ефикасни социјални стратегии, стекнуваат различни социјални вештини, се поттикнува нивниот натпреварувачки дух.

Но, кога овие агресивни облици на однесување ќе престанат да имаат развојна улога, стануваат дел од личноста на детето, и доаѓа до бројни конфликти како форма на врсничко насилство, а многу подоцна и до интерперсонални проблеми. Со развојот на социоемоционалните и когнитивните емоции кај децата, воочено е дека тие стануваат способни да ја разликуваат намерната од случајно предизвиканата штета и на случајно предизвиканата штета да одговарат помалку агресивно. Врз основа на ова, можеме да констатираме дека агресивното однесување зависи од возраста кај децата, но е условено и од полот и темпераментот. Затоа е важно, за подобро да се сфатат акцијата и реакцијата на децата, да се испита поврзаноста на овие индивидуални

разлики на помлада возраст и да се преземат соодветни мерки за секое дете поединечно.

Истражувањата покажуваат уште една загрижувачка работа. Порастот на насилни девојчиња се зголемува. Девојчињата ги надминуваат момчињата во училиште и нивната надмоќ оди во загрижувачка насока. Според најновите истражувања во Велика Британија, девојчињата се понасилни, понепристојни и поагресивни од момчињата, а воедно и понечувствителни. Додека момчињата користат само физичка сила, девојчињата користат и психолошки елементи за да бидат подоминантни над своите жртви. Ова однесување во детството не може да се занемари и карактеризира како детска игра бидејќи научниците тврдат дека ваквото однесување подоцна ќе доведе до посериозни проблеми во меѓучовечките односи.

Меѓу облиците на однесување кои се невообичаени за децата на основноучилишна возраст и значат еден вид негативни девијации Узелац, С. ги набројува[1] следниве однесувања кои се типични за училишната средина:

- неоправдани изостаноци на одделни наставни часови, своеволно напуштање на наставата, неоправдани целодневни изостанувања од настава, додворување на наставникот, кодошење на соучениците, противење на колективните акции, препишување во училишни испитни ситуации, прекини во школувањето и сл.
- зависнички однесувања: земање таблети, консумирање опојни дроги;
- претежно активни облици на однесување: противење, вербална агресивност, физичка агресивност, лажење, напуштање на кругот на семејството (бегање од дома), продажба или подарување на лични работи, кражба, дружење со личности со асоцијално однесување, просење, скитање, злонамерно лажење, препродажба на вредни предмети;
- претежно пасивни облици на однесување: плашливост, повлеченост, потиштеност, плачливост, немарност (мрзеливост), незаинтересираност (досада), разгаленост, емоционално студенило.

Во пракса е многу ретко едно дете или млада личност да манифестира само еден облик на проблематично однесување, а секако теоретски е невозможно да се набројат сите разновидни облици на манифестирање и пореметување на однесувањето. Определбата да се проучува насилното однесување меѓу учениците во основните

[1] Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije , Zagreb : Školska kniga, 186

училишта, меѓу другото, произлезе од фактот што во последно време од најразлични извори (ученици, родители, директори, наставници, медиуми) доаѓаат информации дека истото е присутно во нашите училишта и повремено добива актуелна димензија.

Оттаму и си ги поставивме прашањата: Каде е коренот на проблематичното однесување? Кога и како започнува? Кои се факторите за појава на насилно однесување меѓу учениците во основните училишта? Какви облици на насилство постојат помеѓу учениците во основното училиште? Кои субјекти треба да се вклучат за да се надмине оваа состојба? Каква политика на превенирање креира училиштето за надминување на оваа појава - насилно однесување ? Дали остава траги во натамошниот развој на едно дете како иден адолесцент?

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИ ПОИМИ

Основна потреба на современото општество е образована популација. Нашата држава со закон го обврзува секој поединец на задолжително основно и средно образование, а понатамошниот развој е личен избор на поединецот. За жал, поединци не можат да си го дозволат тоа, било од субјективни или од објективни причини. Образованието има важна улога во секое општество. Од таа причина, државата ја презема грижата за финансирање на образованието (основно, средно и дел од високото образование).

Според Талкот Парсон, училиштето е мост меѓу семејството и општеството како целина. Училиштето ги подготвува децата за нивните идни улоги во животот. Тоа како просветна установа има и улога на институција за чување на децата – место на кое децата се сигурни, место на кое децата развиваат способност за комуникација и склопуваат пријателства.

Училиштето има своја долга еволуција. Секогаш било одраз на одредени општествено-економски односи, кои односи имале влијание на карактерот, на смислата, како и на целта и задачите во воспитанието и образованието. Со менувањето на општеството, се менувало и училиштето. Функциите на училиштето се менувале во зависност од потребата на општеството, затоа и училишните програми и методи се менуваат со текот на годините, со цел подобро образование, подобри деца и карактери и на крај подобро општество.

Училиштата како воспитно-образовни институции се грижат за создавање на услови и можности за индивидуален и социјален развој на учениците, согласно нивните предиспозициии и возрасни карактеристики, оспособувајќи ги за понатамошно образование и живот. Сепак, во денешно време е мошне значајно и потребно училиштето да ја остварува својата функција, да биде институција за целосно формирање и изградување на ученикова личност. Основната функција на училиштето е да ја остварува целта и задачите на воспитанието. Тоа значи дека воспитанието во училиштето е организирано, систематско, намерно, планирано и секогаш се тргнува од фактот дека училиштето е една од најстарите воспитно-образовни институции, која со текот на постоењето постојано се менувала и развивала во согласност со општествените барања и потреби.

Училиштето како институција во прв план ги става двете партнерски страни во воспитно-образовниот процес: учениците и наставниците. Затоа, на наставниците не треба да се гледа само како на педагози, предавачи или пренесувачи на знаење, нивната улога не е само тоа. Тие имаат улога да ги оспособуваат учениците за понатамошно образование и живот. Наставниот кадар со своето однесување е важен фактор во спречувањето и следењето на насилни однесувања меѓу учениците, како и промена на асоцијалните облици на однесување во просоцијални однесувања. Училиштето и одделението како средина во која се одвива ученичката интеракција, влијаат на тоа во која форма и со кој интензитет насилното однесување ќе се случува и каква моќ на влијание ќе имаат можните заштитни фактори и факторите на ризик.

Влегувањето во постмодерното општество бара реконструкција и реорганизација на традиционалното училиште, додавање нови методи, внесување на креативни идеи. Секако, веќе се воведени видни промени, кои нè доведоа до модернизирање и осовремување, но сепак сè уште се чувствува потребата од промени во училиштето.

Кога зборуваме за традиционално училиште, всушност забелешките се однесуваат на:

- недоволна тимска работа во училишниот колектив, релација наставник-ученик и релација ученик-ученик, односно негување стил на работа во кој доминира наставникот, а ученикот е само слушател и набљудувач, притоа неактивирајќи ја креативноста и личните идеи/согледувања;
- обемни наставни програми, каде што нема простор за реализирање, надополнување;
- неповолна материјална положба на наставниците, а со тоа и недоволна мотивираност за работа;
- (не)ангажираност на родителите во работата на училиштата;
- планирање на наставниот процес согласно т.н. просечен ученик, при што сите ученици посетуваат иста настава и напредуваат со очекувано темпо;
- користење на учебникот како единствен извор на знаење.

Затоа традиционалната предавачка работа се пренасочува на такви стратегии кои на учениците им овозможуваат да се оспособат за самостојно планирање, учење, истражување, решавање проблеми итн. Наставата е насочена кон ученикот и неговото активно учење и самообразование. Современото училиште бара креативни и одговорни

наставници, нови облици на интеракција помеѓу наставникот и ученикот. Современото училиште бара тимска работа, нова улога на наставникот, во смисла на способност за промена на начинот на размислување, во согласност со одредена ситуација. Во традиционалното училиште наставникот е медијатор, посредник помеѓу наставните содржини и учениците. Тој е единствен организатор на воспитно-образовниот процес, а односите на релација наставник-ученик се хиерархиски подредени.

Ученикот е во позиција на објект и во подредена положба. Современиот наставник го карактеризираат следниве улоги[2]:

2. Улога на образувач (поучување на учениците со цел да се стекнат знаења, вештини и развој на способностите);
3. Улога на воспитувач (поучување на учениците со цел да ги усвојат или променат вредностите, ставовите и навиките);
4. Развојна улога (наставникот е учесник во процесот на развој на училиштето, т.е. во развојот на процесот на образование и воспитание заедно со другите членови на образовната организација, инспектори, советници итн).

Кога станува збор за современо училиште, наставникот мора да има многу пошироко и поразновидно образование, т.е. сестрано гледање на работите од наставникот во минатото, потребна му е многу поширока дидактичко-методска култура, добро познавање на психичкиот развој на учениците, нивните емотивни и психолошки потреби и размислувања, повеќе креативност и создавачки способности, со што ќе ги поттикнува и учениците да размислуваат подалеку и поинаку, добра волја и мотивација за работа, енергичност и динамика, со што ќе им поставува предизвици на учениците, всушност подлабинско разгледување на поединечни карактери на учениците. Наставниците мора да се оспособени за наставната дисциплина која ќе ја предаваат, да знаат да раководат со наставниот процес во различни ситуации, доживотно усовршување, воведување и подготовка за иновации и тимска работа, како и придржување кон професионалната етика. За современиот наставник важно е да биде оспособен за педагошки пристап кон проблемите во својата работа, која се темели на способноста за набљудување на учениците и воочување на педагошката ситуација. Во својата секојдневна работа наставникот решава низа релевантни прашања, како што се: проблемите на прилагодување на учениците, рационални и организациони форми на

[2] Петрова Ѓорѓева, Е. (2014) Современото воспитание и образование, Штип, Педагошки факултет „Гоце Делчев“,74

стекнување на знаења, способности и навики, мотивација на учениците за воспитно-образовна активност, самостојна работа дома, помош на учениците во регулирање на работата, одморот, играта и корисната работа, како и биолошкиот, медицинскиот и психолошкиот раст и развој на ученикот. Мора да се развие доверба и соработка меѓу наставникот и ученикот.

Во едно училиште може да има многу квалитетни наставници, но сето тоа се дебалансира кога и училиштето брои повеќе (квантитет) наставници, наместо поквалитетни наставници. Мошне важна е и училишната култура по која се препознава секое училиште и она што му дава белег на секој наставник и ученик. Зборот култура доаѓа од латинскиот збор „coleze“, што во превод значи негување, развивање и облагородување. Училишната култура се создава со текот на времето, евалуира и се збогатува, затоа и подлежи на промени. Истата опфаќа систем од норми, процедури, правила на однесување, правила на игра, начин на комуницирање меѓу вработените и комуникацијата меѓу наставниците и учениците, воспоставен ред и дисциплина. Суштината на училишната култура е во односот меѓу менаџментот и вработените, од една страна, како и учениците и нивните родители, од друга страна и наставниците како врска меѓу нив. Но, секако и училиштето не е имуно на промените и проблемите во општествениот живот, посебно проблемите со младите луѓе кои се дел на училиштата. Проблемите врзани со училиштето се чести во сите возрасти, започнуваат од најрана возраст - градинка, а кулминираат во периодот на адолесценција.

2. ПРОБЛЕМАТИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И НЕГОВИОТ КОРЕН

Самиот термин однесување се користи кога се сака да се предупреди на нечие држење, владеење, однесување, постапување и слично, па често под поимот однесување се подразбира постапување спрема некој. Однесувањето во поширока смисла може да се одреди како општ назив за сите сложени и структурирани облици на мускулни и жлездени реакции на организмот на дразби или ситуации, а во потесна смисла, однесувањето се однесува на оние реакции на организмот кои може да се набљудуваат и објективно проучуваат[3].

Ако однесувањето се разгледува од психолошки аспект, тоа е еден од начините на кој се изразува човековата личност, која е сфатена како една целина, интеграција на особини на поединци во релативно стабилна и единствена организација, која ја детерминира неговата активност во променлива околина и се обликува и менува под влијание на тие активности.

Разгледувањето на пореметувањето во однесувањето општо, па и пореметувањето на однесувањето на децата и младите од социјално педагошка перспектива, нужно се потпира на бројни биолошки, психолошки, социолошки, педагошки, правни и други објаснувања на човековото функционирање во дадени општествени околности.

Glasser W, авторот на теоријата на избор и реалитетна терапија, однесувањето го дефинира како начин на кој некој владее со себе. Таа дефиниција авторот ја аргументира од стојалиште на теорија на избор, дека постојат четири неделиви компоненти на однесувањето, кои заедно го чинат начинот на кој некој владее со себе. Првата компонента е активноста (шетање, зборување, јадење и сл.), втората компонента е мислењето, третата компонента чувствата (емоциите), а четвртата компонента е физиологијата. Сите четири компоненти на однесувањето меѓусебно се поврзани, па промената во една од компонентите на однесување, соодветно на теоријата, предизвикува промени во целосното однесување.

[3] Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije , Zagreb : Skolska kniga,121

Узелац, С. ја цитира познатата класификација на Ch.Buhler, според која девијантните однесувања на децата и младите може да се сведат во едно од овие три нивоа[4]:

- Првото ниво опфаќа однесување кое вообичаено го нарекуваме недисциплинирано. Всушност, станува збор за непочитување или кршење на пишаните и непишаните правила на однесување во училишните простории или во училишни ситуации. За однесувањето на ова ниво карактеристична е т.н. лесна етиологија. Искуствата покажуваат дека ваквите однесувања може успешно да ги разреши секој наставник или било кој стручен работник во училиштето на „лице место“, применувајќи при тоа животно искуство и општи педагошки знаења. Девијантните однесувања на ова ниво се најчести и не прават посебни тешкотии, ниту на самото дете, ниту на општествената заедница.
- Второто ниво се препознава во три различни варијанти: а) често повторување исти облици на однесување кај исто дете, од првото ниво, кои сами по себе воопшто не се интересни, освен ако не се јавуваат често; б) наизменично појавување на различни облици на однесување од првото ниво кои сами по себе не се ништо посебно, доколку не ги покажува едно исто дете; в) појава на еден единствен облик на однесување кој, било по тежина на причината, условите или поводот кои му претходеле, било по тежината на самиот феномен на однесување или по последиците од таквото однесување, бара дополнително стручно внимание кое ја преминува можноста на наставникот или на другите стручни работници во училиштето. Девијантното однесување на тоа ниво има карактер на пореметување во однесувањето.
- Третото ниво се однесува на најтешките облици на девијантно однесување кое има обележје на антисоцијално, или пак, автоагресивно. Таквото однесување е врзано за особено „тешка“ етиологија, како поради долготрајното делување на неповолните етиолошки елементи, по правило биолошко-психосоцијалните, што не е секогаш случај со облиците на однесување на претходните две нивоа.

Една од највообичаените социјално педагошки поделби на пореметувањата на однесувањата на децата и младите е поделбата на две основни групи:

[4] Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije, Zagreb : Skolska kniga,130

1. Екстернализирани или претежно активни пореметувања во однесувањата, кои се однесуваат на доволно контролирани и кон други насочени однесувања (на пример, наметливост и лажење, хиперактивност, непослушност, бегање од дома и други воспитни средини, спротивставување, непокорност, агресивност, деструктивност, деликвенција);
2. Интернализирани или претежно пасивни пореметувања во однесувањето, кои се однесуваат на однесувања кои претерано се контролираат и се насочени спрема себе (на пример, плашливост, повлеченост, немарност). Кај младите луѓе на различни начини се испреплетуваат различните облици на пореметување во однесувањето и истите без јасни граници преминуваат од едни во други.

Училиштето, училишната организација треба да се место во кое на учениците ќе им се обезбеди сигурност, средина за учење и креирање на сопственото јас, место во кое секој ќе може да го достигне максимумот од својот развој и да развие стабилен карактер, а наставниците ќе бидат само почетокот и мотивацијата која на учениците им е потребна за да се оформат во зрели и здрави личности. За жал, на многу ученици им се случува училиштето да им биде место на кое ќе се сеќаваат по тоа што во него биле предмет на критикување и навреди, место каде биле заплашувани и каде што спознале што е тоа социјална изолација, страв и понижување, место каде што наместо мотивација, добиле разочарување, место каде што наместо сигурност, добиле само отфрленост.

Најразличните облици на меѓусебно малтретирање произлегуваат од интеракцијата помеѓу учениците, како и од интеракцијата на учениците со возрасните. Во тој случај станува збор за појава на нарушувања во однесувањето на учениците во училиштето. Проблемот со нарушувањата во однесувањето на учениците е глобален проблем. Збирот на елементи, како што се: пол, старост, социјален статус, ниво на интелигенција, влијанието на телевизијата, моменталната економска ситуација, образовниот систем, распадот на семејството, продлабочениот јаз меѓу богати и сиромашни, неизвесноста на општеството, како што веќе спомнав претходно, се дел од комплексот на фактори коишто можат да влијаат на појавата на нарушувања во однесувањата на децата.

Насилството во училиштето опфаќа широк спектар на разновидни и различни однесувања кои се случуваат меѓу учениците, од решавање на судирите преку насилен

пат, неприфатливо изразување преку лутење или фрустрации, до сериозни инциденти и употреба на оружје.

Понекогаш децата знаат да бидат напорни и да имаат големи барања. Проблематично однесување е однесување кое трае подолг временски период и е во толкава мера сериозно, така што предизвикува значајни проблеми во семејството, училиштето и општеството.

Ваквото однесување на која било возраст треба да се сфати како сериозен проблем и не треба да се отфрла како нешто што ќе помине. За да се добие сознание кои карактеристики на училишната ситуација имаат силно влијание за појава на насилно однесување, потребно е да се направи разлика помеѓу две групи на фактори врзани за училиштето: едната група на фактори се означува како училишен контекст, а другата група на фактори како училишна клима. Училишниот контекст се однесува на структуралните карактеристики на училиштето, како што е големината на училиштето, број и големина на одделението, локацијата на училиштето, етничката, расната структура и сл. Училишната клима е една од компонентите на внатрешната структура на училиштето. Училишната клима се однесува на организацијата на училишниот живот, или поточно кажано, на атмосферата која владее во училиштето, амбиентот во кој се реализира наставата. Факторите кои ја одредуваат позитивната училишна клима се односите меѓу наставникот, ученикот, родителите и заедницата, како и начинот на спроведување на дисциплината, начинот на оценување, комуникацијата меѓу вработените, задоволство или незадоволство од работата итн. Таа ги опфаќа интерперсоналните односи на сите учесници во наставниот процес. Тука спаѓа и постоечкиот систем на норми и вредности, меѓу кои и сосема специфичните норми врзани за ставот на учениците и наставниците кон насилството. Може да се каже дека училишната клима е резултанта на базичните процеси на поврзување, регулирање и автономија. Училишната клима е структура, процес на вредности и норми во насока на успешно учење и поучување со цел поголема ефективност или подобрување на наставниот процес (амбиент во училиштето). Факторите кои ја чинат училишната клима покажуваат поврзаност со степенот на насилно однесување во училиштето. На степенот на училишното насилство и другите облици на антисоцијално однесување влијаат и карактеристиките на училишната ситуација (етос на училиштето): јасни училишни норми, општоприфатени училишни вредности, начин на работа на наставникот во одделението (начин на организирање на часот, предавања и оценувања, начин на критикување и пофалување на учениците, доследност во реагирањето на

знаците на недозволено однесување, градење почит и доверба, толерантност, точност, соработка, отвореност и друго). Училишната клима ја создаваат вработените во училиштето, зависно од нивната стручност и мотивација, но од поширока перспектива зависи и од тоа каква улога му се придава на училиштето во едно општество и какви односи владеат во самото општество. Определбата да се проучува насилното однесување меѓу учениците во основните училишта, меѓу другото, произлезе од фактот што во последно време од најразлични извори (ученици, родители, директори, наставници, медиуми) доаѓаат информации дека истото е присутно во нашите училишта и повремено добива актуелна димензија. Оттаму и си ги поставивме прашањата: Кои се факторите за појава на насилно однесување меѓу учениците во основните училишта? Какви облици на насилство постојат помеѓу учениците во основното училиште? Кои субјекти треба да се вклучат за да се надмине оваа состојба? Каква политика на превенирање креира училиштето за надминување на оваа појава - насилно однесување?

Проблематичното однесување најчесто почнува со често губење на контрола и импулсивни реакции, а ваквите деца брзо се фрустрираат и нивната нервоза кулминира во најразлични видови. Треба да се побара стручна помош ако родителот или наставникот забележат промени во однесувањето на детето. Често ваквото однесување може да се влоши доколку децата се неправилно советувани т.е. физички казнувани.

Проблемите кои се јавуваат во однесувањето и дисциплината, дома и на училиште, може да значат дека детето има емоционални проблеми кои подоцна се манифестираат со нарушено и агресивно однесување. Детето им се спротивставува на авторитетите, почнува да се оддалечува од училишната работа, лаже, започнува со бегање од часови и се однесува агресивно со други деца и возрасни, дури и ги напаѓа физички (или психички) истите.

Децата кои рано започнуваат со проблематично однесување, како општа агресија и непослушност, крадење, насилничко задевање, вандализам, лажење, мамење, се во ризик за посериозно агресивно однесување. Истражувањата укажуваат дека возраста на која започнуваат со вакво однесување е важна за толкувањето на првите предупредувчки знаци. На пример, децата кои се впуштаат во агресија и консумирање дроги на возраст пред навршени 12 години, имаат поголема веројатност подоцна да применат насилство, за разлика од децата кои почнуваат со такво однесување на постара возраст. Доколку постојат вакви знаци, треба да се разгледа историјата со стручни лица за вакво однесувања.

Насилството што се случува во училиштето подразбира неколку можни односи: насилно однесување на еден ученик спрема друг, насилно однесување на една група спрема друга група, насилно однесување на ученикот кон наставникот итн. Насилното однесување може да биде:

- физичко - нанесување на физички, телесни повреди (ударање, туркање, кубење);
- вербално - исмејување, уцена, оговарање, омаловажување, погрдни имиња, закани;
- социјална изолација (исклучување од друштво) - проценување во негативна смисла, влијание на другите деца да се исфрли одредено дете од групата, игнорирање, навредливи гримаси и гестакулации...

Како подвидови на насилничко однесување се среќаваат:

- сексуално - несакани допири, штипкање, коментари со сексуална конотација;
- културно - навреди на образовна, класна, религиска, етничка и класна основа;
- економско насилство - крадење, изнудување на пари.

Терминот насилство различно е дефиниран. Dollard го дефинира како „однесување чија цел е повредување на личноста кон која нашето однесување е насочено“, а Berkowitz како „однесување со намера другата личност физички или психички да се повреди“.[5]

Однесувањето со кое се нанесува штета на некој друг може да биде вербално и невербално, може да се состои од физичко повредување, нанесување на материјална штета или психолошко повредување како што е застрашување, навредливи коментари, социјална изолација и слично. Неоправданоста се состои во нелегитимноста, незаслуженоста, прекумерноста на таквата постапка.

Модерната технологија (интернет, мобилни телефони) им овозможува на децата пристап до многу информации и комуникациски можности. Овој безграничен свет претставува предизвик за децата и младите, поттикнувајќи ја нивната љубопитност, им дава привидна слобода и самостојност, како и достапност до информации за кои сè уште не се спремни. Користејќи ја оваа технологија, анонимно или лажно вршат насилство преку интернет (испраќаат вознемирувачки пораки, крадат или менуваат лозинки, објавуваат невистини на чат или интернет-страници...). Врсничкото насилство

[5] Popadić, D. (2009) Nasilje u školama, Beograd: Radonić, 14

преку интернет вклучува поттикнување на групна омраза, вознемирување, напад на приватност, следење, навреди, затоа е важно да се зборува со децата во училиште и дома и да им се објасни ваквата злоупотреба на интернетот.

Влијанието на масовните медиуми врз детската агресија може да се разгледува од аспект на моделирање на однесувањето и катарзата преку викариската агресија. Според Бандура, агресијата видена на филм, со малку исклучоци, покажува стимулирачки ефекти врз агресивното однесување. Нема сомневање дека криминалот и насилството се присутни на масовните медиуми и дека децата се изложени на тие агресивни стимулации. Проучувањата покажуваат дека насилството на телевизија може да биде причина за деликвентно однесување и дека родителите и стручњаците се прилично загрижени од ефектите на постојаното изложување на децата на агресивните содржини на телевизијата. Сепак, во повеќето истражувања не се покажале значајни разлики во степенот на агресија помеѓу децата што гледаат и што не гледаат телевизија (посебно агресивни содржини). Слични резултати се добиени и за изложувањето на насилство емитувано преку радио или преку музички системи, додека пак, податоците за изложување на насилство во стриповите се спротивставени. Има неколку студии кои покажале дека постои поврзаност меѓу предиспозициите на личноста за агресија и преференците кон агресивните содржини на визуелните медиуми.

Агресивната телевизиска содржина предизвикува поддршка во врзувањето и регулирањето на агресивните импулси кај момчињата со силни агресивни тенденции. Но, се забележува и дека социјализацијата во такво културно опкружување им овозможува на децата да се навикнат да гледаат агресија на телевизија. Сепак, пораката добиена од имагинацијата, а пренесена од презентацијата во масовните медиуми, децата ја прифаќаат како таква и таа многу помалку влијае врз нивната агресија, отколку „пораката“ на реалноста.

Узелац С.[6] меѓу облиците на однесување, кои се невообичаени за децата на основноучилишна возраст и значат еден вид негативни девијации, ги набројува:

- однесувања типични за училишната средина: неоправдани изостаноци на одделни наставни часови, своеволно напуштање на наставата, неоправдани целодневни изостанувања од настава, додворување на наставникот, кодошење на соучениците, противење на колективните акции, препишување во училишни испитни ситуации, прекини во школувањето и сл.;

[6] Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije , Zagreb : Školska kniga ,186

- зависнички однесувања: земање таблети, консумирање опојни дроги;
- претежно активни облици на однесување: противење, вербална агресивност, физичка агресивност, лажење, напуштање на кругот на семејството (бегање од дома), продажба или подарување на лични работи, кражба, дружење со личности со асоцијално однесување, просење, скитање, злонамерно лажење, препродажба на вредни предмети;
- претежно пасивни облици на однесување: плашливост, повлеченост, потиштеност, плачливост, немарност (мрзеливост), незаинтересираност (досада), разгаленост, емоционално студенило.

3. АГРЕСИЈА

Поимите агресивно и насилно однесување често не се доволно разграничени или дури се употребуваат како синоними. Во основата на насилничкото однесување е агресијата, но за насилно однесување може да се зборува дури тогаш кога некоја личност својата агресија повторно ја применува, или агресијата ескалира со цел да оствари моќ и доминација над друга личност. Агресивното однесување често е мотивирано со чувството на лутина (бес), која во предучилишна возраст најчесто ја предизвикуваат фрустрациите во однос на хранењето, спиењето и вниманието, во процесите на навикнувањето, потребата од делење на предмети со други деца и сл. Децата на училишна возраст се осетливи на лажење, задевање и заповедување од возрасните или други драги личности, критикување, неправедно казнување, занемарување и игнорирање, на сопствената немоќ (на пример, лоши оценки на училиште), секое нарушување на правичноста и оневозможување на нивната желба за независност. Специфичните однесувања, за кои заедничко обележје е нанесување штета или повреда на други личности/предмети, се дел од многуте агресивни однесувања. Во пракса се обрнува внимание на однесувањето со кое неоправдано е нанесена штета и намерата била да се нанесе штета, значи внимание на нешто што е и агресија и насилство.

Агресивноста постои како еден од облиците на однесување и како биопсихолошки мотив. Агресивното однесување има различни форми на манифестирање, тоа може да се изрази на отворен и прикриен начин, намерно или ненамерно (во поголемите случаи е намерно). Отвореното изразување на агресивност кај децата се одредува како „чин на конфликт меѓу децата, кој вклучува и физичко насилство“.

Иако децата кои се однесуваат отворено агресивно имаат помало ниво на агресивност, за разлика од децата кои покажуваат прикриен облик на агресивност. Агресијата отсекогаш била присутна во животот на луѓето и кај животните. Бидејќи светот е преплавен од бранот на агресија и деструктивно однесување, агресијата станува предмет на изучување на многу науки, како социологија, психологија, психијатрија, филозофија и др.

Знаеме дека во спортот, бизнисот, политиката, полициските и воени работи, неопходна е прилична доза на агресивност. Агресивното однесување се манифестира во нападот над друга особа со намера да ѝ се нанесе штета, која може да биде

причинета, но и не мора. Секое општество располага со санкции за агресивното однесување, но многу групи директно или индиректно поддржуваат одредени облици на агресивно однесување. Патријархалното општество, во кое живееме, го толерира и поддржува агресивното однесување кај момчињата, а го сузбива и казнува кај девојчињата затоа што смета дека е општествено неприфатливо.

Терминот „агресија“ е од латинско потекло. Потекнува од латинскиот збор *ad,* што значи спрема или кон, и зборот *gradus,* што значи чекор. Во превод би значело движење напред, но зборот agressio го попримил значењето напад од таму што во војните движењето напред значело напад. Konard Lorenc (1870), истражувајќи го однесувањето на животните, дошол до интересни заклучоци. Според него, изворот на агресивното однесување е во вродениот агресивен инстинкт, кој е многу моќен и важен за одржувањето на единките и врстите. За да се манифестира вакво однесување, потребно е присуство на единка од истата врста. Агресијата може да се манифестира на различни начини. Можеме да бидеме агресивни во мислите, во зборовите, и на дело, потоа кон себе, или кон другите, свесно или несвесно. Агресијата може да се потиснува, но често сме склони и да ја порекнуваме. Кога потиснувањето трае долго, се јавува опасност за нашето душевно и телесно здравје. Агресија со најкобни последици, по телесниот и душевен развој, е онаа која се манифестира во семејството. Антрополошките податоци покажуваат дека агресивноста не е подеднакво застапена во сите култури и не е типичен одговор на фрустрација. Агресијата е важна компонента на некои однесувања, како што се: академскиот неуспех, алкохолизмот, социјалното повлекување. Грижата за регулирањето и модифицирањето на агресијата, било да е интергрупна, интерперсонална или интраперсонална, го поттикнала проучувањето на потеклото и развојот на агресивното однесување. Агресивното однесување обично може да се препознае во интеракцијата на ученикот со врсниците, родителите и со авторитетите. Тоа е социјален производ кој е под силно влијание на семејните, врсничките, културните и општествените фактори. Условите во кои живее детето влијаат на степенот на агресивно однесување. На развојот на детето влијаат: наследните особини - од кои зависат особините на личноста, разни склоности, па и карактерот; општествената средина - првенствено семејството, потоа врсниците, училиштето, медиумите; личната активност; фактор судбина.

3.1. АГРЕСИВНОСТ, АГРЕСИЈА И НАСИЛСТВО И РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ИСТИТЕ

Преку дефинирање на поимите: агресија, агресивност и насилство, ќе ги разграничиме и ќе го определиме нивното значење. Агресивноста е предиспозиција за избор на агресивни и натпреварувачки поведенија, како спротивност на алтернативни поведенија, како што се: покорност, бегање, соработка. Предиспозицијата за поведение е конгенитална тенденција единката да присвои еден тип на поведение како спротивно на друг тип. Предиспозицијата не го изградува поведението и лесно може да биде отстранета преку ефективни постнатални епигенетички информации. Таа има квалитативно, а не квантитативно влијание врз агресивното однесување и доведува до различни степени на агресивност кај единките. Агресијата е поведение (однесување) со кое се нанесува штета, физичка или душевна, на друг човек. Поведението е функционален производ на нервниот систем и е најзначајна карактеристика на личноста. Агресијата има за цел лична, егоистична полза и/или полза за својата група.

Агресијата е поведение преку кое единката се обидува да се справи со психичка или физичка повреда. Удирањето и клоцањето друго дете, мавање со раце и со нозе, омаловажувачки коментари, уништување на играчки и други предмети, малтретирање на животни, бегање од дома, се однесувања кои се обележани како агресија во многу случаи. Некои реакции се пробни репертоари на однесување кои се одредени како манифестации на агресивно однесување. Постои наклонетост кон прифаќање на тие концепти кои опфаќаат пошироки аспекти на однесувања, така што ги поврзуваат различните опсервации. На пример, детето А може да го удри детето Б од различни причини: затоа што ужива во тоа, затоа што детето А го сака велосипедот кој детето Б го монополизирал, или затоа што во неговата лутина тој тепа сè што му е во близина. Сите овие однесувања се агресивни во нивната имплицитна форма, но посредувачките процеси се различни. Во првиот случај мотивот (засилувањето) за агресивното однесување е болката што се нанесува на детето Б, во вториот случај поттикот за такво однесување е желбата за добивање на велосипедот, во третиот случај мотивот е поврзан со експресивните компоненти на самиот акт повеќе отколку на неговите социјални последици. Терминот агресија на дескриптивно ниво може да се опише како секое однесување на субјектот што резултира со повреда или деструкција на животни, луѓе или објекти. Но на ниво на конструкција или посредувачки процес, оваа

дефиниција е многу поширока. Според тоа, за определување на агресивното однесување важна е разликата помеѓу актите кои случајно водат до повредување и акти кои се со интенција (намера). Ненамерната агресија има ефекти кои, исто така, резултираат со повреда, на пример, однесувањето на хиперактивно или незграпно дете може да предизвика физичка болка на другите или уништување на имотот. Како и да е, овие ефекти се инцидентни последици на однесувањето на детето и се ирелевантни за детето. Можно е кај некои деца незграпните и ексцесните активности да имаат несвесни агресивни компоненти. Според тоа, не може да се каже дека секое однесување кое резултира со штета е агресија. Намерната или мотовирачката агресија не подразбира дека агресивното однесување на детето е свесно насочено. Тоа значи дека агресивната компонента на тоа однесување е главен дел на неговото функционирање. Во групата на мотивирачки (намерни) агресивни акти се наведуваат инструментална агресија, која води кон постигнувања на неагресивни цели и непријателска агресија, чија цел е повреда на некого или нешто (Yeary, Maccoby и Lewin, 1957, според Feshbach, 1970). Истражувајќи во литературата, што се однесува на агресијата кај детето, се забележува дека таа се разгледува како еден вид на однесување, без намера да се прави разлика меѓу инструменталното и мотивирачкото (намерното) агресивно однесување. Во теориите за агресивноста кај децата се опфаќаат и двата вида на агресивно однесување. Оние теории, кои сметаат дека агресивноста е вродена, водат кон тоа дека децата се родени со диспозиција да се нанесе повреда на некого, додека други теории ја објаснуваат како реакција на одредени ситуации. Неопходноста за разликувањето на инструменталната агресија и агресивниот мотив станува голема и со повеќето теоретски пристапи. На пример, емоционалната реакција на лутина и бес е блиска со агресивниот мотив, но не е неопходно нанесување на повреди. Афективните реакции на лутината имаат адаптивна функција комуникација со организмичката фрустрација, и му претат на потенцијалниот непријател. Деструктивните последици на лутината и бесот може да бидат инцидентни и може да се сметаат за еден вид на мотивирачка агресија заради врската меѓу лутината и нејзиниот повредувачки потенцијал. Механизмите со кои лутината прераснува во агресивен мотив се важен развоен проблем. Поврзаноста на лутината и агресивниот мотив е делумно и цел на дефинирањето на агресивниот мотив. Робинс (според Brojša, 1994) разликува пасивно, агресивно и асертивно однесување. Пасивното однесување е инхибирано, субмисивно, се избегнуваат конфликтите и се настојува да се задоволат другите. Агресивното однесување е енергично, доминантно, центрирано на себе и

безобѕирно кон другите. Асертивното однесување е отворено изнесување на сопствените идеи и чувства со барање на своите права. Тоа однесување се карактеризира со упорност, но и посебна осетливост за идеите на другите. Посебно треба да се направи разлика меѓу асертивното однесување од една страна и пасивност, агресивност и насилност, од друга страна. Асертивност е пристапување кон другиот без напад на него. Тоа е, ако може така да се рече, конструктивно и поврзувачко агресивно однесување. Насилството и пасивноста се два екстреми со кои или се напаѓаат другите или им се потчинуваме. И едното и другото го оневозможува здравото и хуманото живеење, како и конструктивното решавање на меѓусебните конфликти.

Насилството е сложен поим кој се поврзува со сите институции, културни својства и поведенија кои го ограничуваат развојот на човечките потенцијали и ги спречуваат настојувањата на луѓето да ги контролираат нивните тела, нивните поведенија и нивната општествена средина. Потеклото на насилството, според оваа дефиниција, е исклучително од културното опкружување.

Според Olweus (1998), насилството или виктимизацијата е определена на следниов начин: ученикот е злоставуван кога тој/таа повторувано или постојано е изложуван на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Негативна постапка е кога некој задава или настојува да задава повреди или нелагодности на другиот - во основа она што е вклучено во одредувањето на напаѓачкото однесување.

Карактеристика на типичниот ученик насилник е неговата агресија кон врсниците, но често и кон возрасните (наставници, родители). За момчињата е важно да се физички појаки од жртвата. Обично се успешни во спортот и физичките игри. Сакаат да контролираат и да доминираат над другите, ги забавува да ги малтретираат другите, посебно физички послабите. Тие немаат ни сочувство кон своите жртви (Olweus, 1998). Истите имаат потреба да бидат почитувани, но не разликуваат почитување од страв. Важно им е да ги импресионираат другите. Повеќето од нив се несигурни и тажни, иако има поединци кои не се такви. Раздразливи се и импулсивни, тешко ги поднесуваат неуспесите. Популарноста меѓу другите ученици им е просечна до потпросечна и опаѓа со возраста. Обично ги опкружуваат два до три ученика. Склони се кон лажење и не можат и не сакаат да прифатат одговорност, а им недостасува и емпатија. Релативно рано го искажуваат и антисоцијалното однесување, се оддаваат на пушење, алкохолизирање и кражби. Постои голема веројатност дека подоцна ќе го манифестираат криминалното однесување. Во лонгитудиналната студија

на Олвеус во Норвешка, приближно 60% од оние кои се означени како насилници од 6 до 9 одделение барем еднаш се осудувани до својата 24 година. Од тие 35-40% се осудувани три или повеќе пати.

Заеднички карактеристики на жртвите се дека тие се засрамени, бессилни, тажни, користат говорни изрази, со кои покажуваат инфериорност, послушност, бараат заштита од родителите или други посилни, не привлекуваат внимание на себе. Децата жртви се по правило телесно послаби од своите врсници (посебно важи за момчињата), помалку се успешни во спортовите, имаат послаба телесна координација (Olweus, 1998). Плашливи се и несигурни и лесно стануваат мета на напади, иако некои од нив се успешни во училиштето и во креативните активности. Не се склони кон насилство, не ги предизвикуваат другите и обично се повлекуваат. Другите деца ги вознемируваат, им се потсмеваат, ги омаловажуваат и слично. Но, често и ги буткаат, тегнат, удираат, им ги земаат книгите, парите и другите нивни работи. Често се исклучени од групата врсници и не се сакани во групата за игри. Додека се помали, се наоѓаат во близина на наставничката или на други возрасни лица. Истражувањата покажуваат дека злоставувањето во училиште може да има долготрајни негативни последици на жртвата. Типичните жртви често се плашат да одат во училиште и се жалат на главоболка. Во однос со другите ученици, покажуваат недостаток на самопочитување, изложени се на ризик подоцна да станат анксиозни, депресивни, понекогаш и суицидални. Често молчешкум патат, мислат лошо за себе и имаат недостаток на пријатели. Може да им е тешко да одат во училиште и да се концентрираат на работата.

Има мал број на ученици кои се истовремено и жртви, но и насилници. Станува збор за таканаречени „провокативни жртви“ и тие се најчесто момчиња. За нив е карактеристично дека имаат импулсивна природа, настојуваат да возвратат на нападите, но обично без голем успех. Често се хиперактивни, незрели ученици кои создаваат напнатост и заради тоа предизвикуваа ненаклоност и од страна на наставниците. Понекогаш и самите ги злоставуваат и послабите од себе. Со возраста опаѓа бројот на ученици кои се изложени на насилство. Насилството помеѓу постарите деца и адолесцентите може да поприми многу посериозни форми, како што се употреба на оружје, убиства (што е посебно изразено во САД), вклучувајќи напади не само врз деца, туку и врз возрасни. Имајќи ги предвид подоцнежните проблеми со кои можат да бидат соочени и насилниците и жртвите, во светот почнуваат да се развиваат разни програми заради намалување на насилството во училиштата.

3.2. АГРЕСИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Агресивното однесување во училиштата се изразува во повеќе видови, од кои најчести се: пасивно-агресивно однесување, асертивно-агресивно однесување и насилничко однесување (Brajša, 1994). Пасивно-агресивното однесување е штетно и како однесување на ученикот и како однесување на наставникот. Тоа директно го погодува идентитетот на ученикот. Со тоа однесување ученикот не може да го развие позитивниот идентитет. При таквото однесување се игнорираат туѓите потреби, а нема борба за сопствените потреби.

Воспитно-образовниот систем е попречен доколку насилното однесување е присутно. Насилните наставници се исто толку опасни колку што се пасивните. Таквите наставници наредуваат, казнуваат, а во одделението владее клима на напнатост, насилие, грубост и снаоѓање. Тој стил на однесување се пренесува и на учениците. Се создава клима на задоволување на сопствените потреби за сметка на туѓите. Асертивно-агресивното однесување е обележано со борба за сопственото, но со почитување на потребите на другите. Во такво училиште преовладува двонасочна борба на различни мислења, потреби и желби. Се поттикнува креативност, аргументирано уверување, партнерско натпреварување. Кај ученикот се признава индивидуалноста и идентитетот. Во училиштата се јавува и прикриена агресија, која за воспитанието и за образованието на ученикот е посебно штетна[7]. Таа се гледа во парадоксалната комуникација на наставникот. Тој е нејасен, контрадикторен, дава нереални совети, ги збунува учениците со својата недореченост и неразбирливост. Посебна форма на прикриена агресија е мистифицирање и тоа е кога ученикот почнува да верува во тоа што не верува, прифаќа она што во суштина не прифаќа. Понатаму, прикриена агресија е злоупотреба на слабостите на ученикот, заборавање на ветувањето, погрешно разбирање на пораките на ученикот, како и игнорирање и омаловажување на сè што е позитивно кај ученикот, а забележување на неговите пропусти. Потиснувањето на агресијата исто така доведува до пореметување на личноста. На прво место е депресивноста која често е скриена форма на агресијата кон другите, потоа анксиозност, соматизација на потиснатите агресивни тенденции,

[7] Vasta, R., Haith, M., Miller, S. A. (1998). Dečja psihologija. Naklada slap, Jastrebarsko

опсесивност со агресивни содржини, параноидност, па дури и самоубиство. Тие ученици не се во состојба да ги совладуваат професионалните и животните задачи.

3.3.АГРЕСИЈАТА, СЕМЕЈСТВОТО И ВРСНИЦИТЕ

Агресијата е форма на однесување која најчесто се споменува како индикатор на отфрленост од врсниците[8] и како претскажувач на деликвентно однесување во понатамошната возраст. Насилната средина, стресните односи во семејството и меѓу врсниците го поттикнуваат агресивното однесување кај детето. Воспитните мерки кои родителите ги користат, како што се казната и присилата, може да послужат како неадекватен модел кој децата го имитираат и го користат во некои други социјални опкружувања. Почетоците на антисоцијалното однесување се развиваат токму во училиштето. Таквите деца другите деца не ги сакаат заради девијантното однесување, заради тепачките и заради караниците кои се чести во репертоарот на однесување на агресивните деца. Агресивното однесување е опишано со висок степен на дисруптивно и аверзивно однесување кон другите, покажување на лутина што резултира со социјална отфрленост[9]. Оттука, можеме да кажеме дека агресивните поведенија се најголем претскажувач за отфрленост од групата на врсниците. Меѓутоа, агресијата не мора сама од себе да доведе до отфрленост од врсниците. Има многу агресивни деца кои не се отфрлени од врсниците и многу отфрлени деца кои не се агресивни.[10] Агресивните деца имаат слабо развиени социјални вештини и не се омилени во групата на децата кои се и агресивни и отфрлени, но затоа покажуваат поголема наклонетост кон девијантно однесување.

Општо земено, агресијата станува почеста форма на однесување во средното детство. Школските деца почесто манифестираат инструментална агресија, отколку што тоа го прават помалите деца. Физичката агресија е поголема кај момчињата отколку кај девојчињата[11]. Момчињата на возраст од 8 до 10 години себеси се сметаат

[8] Hartup, W. W., Lieshout, C. (1995) Personality Development in Social Context, Annual Review Psychology. 46, 655-687

[9] Graham, S., Hoehn, S. (1995) Children's Understanding of Aggression and Withdrawal as Social Stigmas - An Attribution Analysis, Child Development, 66/4,1143-1161

[10] Rys, G. S., Bear, G. G. (1997) Relational Aggression and Peer Relations: Gender and developmental Issues, Merril-Palmer Quarterly, 43/1, 87-106

[11] Hartup, W. W. (1984) The Peer Contexst in Middle Childhood, bo Collins (ur) Development During Middle Childhood, Washington: D.C. National Academy Press, 244-282

за поагресивни, отколку што тоа го сметаат девојчињата. Нивните проценки се слични со проценките на наставниците. Исто така, наставниците на децата кои имаат заемен пријател ги проценуваат помалку агресивни и постабилни, во однос на децата кои немаат заемен пријател (Menesini, 1997). Врз основа истражувањата на Lindeman,[12] се известува за поголема агресија кај 14-годишниците во однос на 11-годишниците и 17-годишниците. Оваа тенденција е присутна и кај момчињата и кај девојчињата, иако момчињата покажуваат поголемо ниво на агресивно однесување на сите наведени возрасти. Момчињата, без оглед на возраста, покажуваат поголема агресија во однесувањето отколку девојчињата. Директната вербална агресија на 8-годишниците расте кај двата пола, иако момчињата тоа однесување значајно повеќе го користат во однос на девојчињата од истата возраст. Што се однесува до индиректната социјална агресија, таа е почеста форма на однесување кај девојчињата. Не е забележана разлика меѓу момчињата и девојчињата од основно и средно училиште во релациската агресија, дефинирана како контролирање на туѓото однесување со помош на закана и условувања[13]. Истите автори ги изнесуваат следниве податоци:

- негативните избори кај девојчињата значајно повеќе се поврзани со релациската, отколку со отворената агресија;
- агресијата е значаен претскажувач на социјалниот статус, и на димензијата на отфрленост кај двата пола;
- децата кои се агресивни и отфрлени имаат помалку другари, за разлика од другите врсници;
- момчињата кои покажуваат отворена агресија имаат помала веројатност за стекнување на заемен другар и кај девојчињата разликата не е забележана во бројот на заемни другарки во категоријата на релациската агресија и неагресивност;

[12] Lindeman, M., Harakka, T., Keltikangas-Jarvinen, L. (1997) Age and Gender Differences in Adolescents' Reactions to Conflict Situations:Aggression, Prosociality and Withdrawal, Journal of Youth and Adolescence, 26/3, 339-351.

[13] Rys, G. S., Bear, G. G. (1997) Relational Aggression and Peer Relations: Gender and developmental Issues, Merril-Palmer Quarterly, 43/1, 87-106.

Ефектите на предадолесцентното агресивно однесување, отфрленост од врсниците и школското функционирање, во истражувањето на Куперсмит и Кои[14] се мерени како претскажувачи на адолесцентската деликвенција и училишното (не)прилагодување. Се работи за лонгитудинална студија во која петтоодделенци (деца од 11 години) се следени во текот на 7 години, сè до крајот на средното образование. Отфрлените деца биле повеќе наклонети кон повеќе видови негативни изразувања од просечно популарните или запоставуваните деца. Со испитувањето на влијанието на полот, националноста, агресијата, честите отсуства од училиште, слабите оцени и отфрлањето, констатирано е дека единствен претскажувач за малолетничка деликвенција е агресијата кон врсниците. Се покажало дека и агресијата кон врсниците и честите отсуствувања од училиштето, заедно се значајни претскажувачи на раното училишно повлекување.

[14] Kupersmidt, J., Coie, J. (1990) Preadolescent peer status, aggression, and school adjustment as predictors of externalizing problems in adolescence. Child Development, 61,1350-1362

4. ЛАЖЕЊЕ КАКО ВИД НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Лажењето се појавува во раното детство, т.е. помеѓу четвртата и петтата година. Децата лажат поради постигнување на саканата цел, со цел да ја избегнат казната, избегнување на несакана работа, добивање награда, пофалба, постигнување победа и сл., но и за нанесување штета на друга личност или лага кон своите родители заради нивна освета, немоќ и сл.

За децата во раното детство е нормално да си измислуваат приказни. Границата меѓу лагата, фантазијата и памтењето е секако многу тесна. Со возраста се менува и детското сфаќање за лажењето и искреноста. Меѓу третата и четвртата година детето не може свесно да ја премолчи вистината. Фантазијата и реалноста се испреплетуваат. Во петтата, шестата година тие се во состојба да направат разлика меѓу реалност и фантазија, а меѓу петтата и седмата година ќе научат да лажат поради страв од казна или од љубезност. Овие лаги не се смислени со намера, ниту пак детето може да каже зошто ги изговара. Дури во осмата година детето е способно да лаже слично како возрасните, со намера или да избегне ситуација или да се заштити.

Мотивите за лажење се најразновидни , а кај поголемите деца често тоа е со цел да се избегне оптеретувањето, зададената (непријатна) обврска и сл. Тој мотив на лажење може да се каже дека е нормална појава кај помалите деца кои тврдат дека некоја задача која од нив се бара ја направиле иако тоа не го направиле.

Со поаѓање на детето на училиште, тоа се соочува со многу нови искуства и ситуации, меѓу кои и лажењето. Постојат повеќе причини поради кои децата лажат:

- заради внимание,
- да ја зголемат својата самодоверба,
- звучат како да лажат, а всушност не знаат да ги формулираат своите мисли.

Кога лажат, децата честопати се чешкаат по носот, ја прикриваат устата, го спуштаат погледот, ја фаќаат косата, а честопати и неконтролирано се чешаааат по телото. Лажењето понекогаш е резултат на несигурност, а во најрана фаза родителите се единствени кои можат таа несигурност да ја елиминираат.

На децата треба да им се покаже колку се цени вистината, а не да се критикуваат. Лажењето е често начин како да се заштитат од кавги, викање или едноставно не сакаат да споделат некој проблем или тешкотија во односот на родител

и дете. На пример, децата честопати лажат кога ќе добијат единица во училиште бидејќи следува притисок и негативна реакција од страна на родителите, па тие лажат со цел да се заштитат. Децата измислуваат случки и на поголема возраст бидејќи им е тешко да се соочат со вистината. Важно е да се открие што му е тешко на детето и да му се помогне полесно да се носи со тоа. Тоа можат да го направат родителите, но добро е да се вклучи и стручната служба бидејќи тие воспоставуваат поинаков однос, особено ако детето има проблем со родителите, го разгледуваат и профилот на родителот во однос со карактерот на детето. Но, важно е и да се запазат границите.

Лажењето може да биде мотивирано за емитирање на возрасните кои прибегнуваат на т.н. општествени лаги и неможност за препознавање на реалноста. Но, штом детето е повозрасно, таквото избегнување на обврските со помош на лага е сè помалку нормална појава, па затоа треба да се интервенира и да се бараат причините за таквото однесување. Во кругот на своите врсници детето може да лаже многу лесно, но лажењето на авторитетите најчесто е проследено со манифестирање на црвенило на лицето, пелтечење и други знаци (промени). Тогаш тоа е показател дека кај детето постои неспособност да се соочува со обврските, самостојно да решава некои задачи и за ништо да не сноси одговорност. Таквиот мотив на лажење може се сретнува кај плашливи, несамостојни и обесхрабрени деца, а често за тоа причината може да се бара во разгаленоста на децата. Најчеста цел на лажењето е одбрана од непријатните последици на некоја негова постапка, да избегне некој вид казна или физички да биде казнувано од своите родители. Најчесто овој вид на нарушено однесување може да се очекува да се јави кај децата кои имаат авторитативни родители и оние кои се воспитани на груб начин со застрашување и запоставување. Лажењето може да биде и израз на асоцијална тенденција, тоа често служи и за фалење. Тогаш таа лага е заради нанесување штета на некој друг, да му се нанесе непријатност или на било кој начин да му се наштети. Зад таквите лаги се крие мотивот за освета, тоа се манифестира со клеветење на други ученици заради разни измислени престапи. Често тоа се забележува кај љубоморни родители кои на тој начин им се осветуваат на своите сопарници кога се чувствуваат запоставено. Таквиот мотив за лажење се среќава кај физички и психички малтретурани деца и деца одгледани без љубов.

Понекогаш мотивот за лажење произлегува од желбата да се прикрие некој недостаток кај родителите, на пример, ако детето има татко алкохоличар, строга мајка и сл., донекаде оваа амбивалентност во чувствата е вродена во секој човек и кај децата, но таа е силно изразена кај несреќни, невротични личности. Често кај децата се среќава

тоа да се прекршува помеѓу љубовта и омразата кон родителите, помеѓу противењето со нив и стравот од нив, помеѓу зависноста од нив и осамостојувањето. Силно изразената амбивалентност е нездрава појава и показател дека детето се развива во нездрава средина и во него предизвикува внатрешна напнатост. Секогаш кон оваа појава треба да се прашаме дали тоа е имитирање на однесувањето на нивните родители или дека тоа е наговорено да лаже и убедувањето дека со помош на лага може 'подобро да се снајде' во одделни ситуации. Родителите треба да се предупредат дека треба да внимаваат на нивното воспитување и дека не треба да се служат со лажење во текот на воспитниот процес кон своите деца.

Детските заблуди се недостаток на можности во процесот на генерализација, аналитичко систематска активност на мозокот и неспособноста за разликување на фантазијата од стварноста. Главно, заблудите го следат развојот на детското спознавање, мислење и говор. Детските невистини се јавуваат во периодот на т.н реализам т.е. во раната школска возраст, а се однесува на неправилни, неточни и нелогични ставови и доживувања за работите, суштествата и појавите. Лажењето, од друга страна, е насочено кон некоја ситуација. Одбранбеното лажење кај детето се јавува за да се одбрани од барањата на средината, и ако тоа се повторува често, тоа преминува во постојана навика. Лажењето од навика може да биде предизвикано од различна патологија и често е резултат на воспитната етиологија и тоа се среќава при често манифестирање на било кој вид лага. Лажењето во кое преовладува агресивна тенденција е необзирно лажење заради корист, без обзир на другите луѓе или заради освета. Лажење заради фантазирање, најчесто доаѓа до израз во друштвото со врсниците и се огледа во претерани или измислени различни случки заради постигнување престиж во друштвото. Лажењето често служи за фалење, односно претерано истакнување на своите способности и успеси. Лажењето како симптом на болест се смета ако

а) намерното стекнување на директна или индиректна корист е релативно мала или воопшто не е изразена;

б) се појавува и без влијание на примери од детската средина;

в) се лаже без објективни причини;

г) јасно е изразена поврзаност со другите симптоми на болеста и

д) емоционална компонента на однесување кое некогаш е претерано, а понекогаш помалку изразено.

Кога се работи за лажење од навика, насочено за постигнување на директна или индиректна корист, првиот важен чекор за родителите е да го препознаат постоењето на ваков вид на пореметено однесување. Ако детето или адолесцентот подолго време со лажење успева да ги постигнува зацртаните цели, тоа ќе го усвои таквото однесување и ќе продолжи да фунционира на таков начин. Единствен начин на одвикнувањето од лажење е да се креираат воспитни средини во кои ќе се препознае дека лажењето е непотребно и отповеќе, што подразбира намалување на етиолошките причини кои довеле до такво однесување во меѓучовечките односи.

5. КРАДЕЊЕТО КАКО ФОРМА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ

Кражбите можат да започнат и бидат во семејството и надвор од него. Тие во семејството обично се ситни и полесно се поднесуваат од страна на родителите, иако предизвикуваат немир, страв и агресија бидејќи кражбите се доживуваат како повреда на моралот, честа и авторитетот. Но често тоа е несвесна порака за родителите да посветат поголемо внимание на детето.

Нарушувањата во однесувањето кај децата се изразуваат со низа постапки кои отстапуваат со нормите на однесување и обичаите во општеството во кое живее детето, забележливи се уште во раниот развој, но честопати родителите ги занемаруваат или игнорираат со надеж дека однесувањето ќе се промени со тек на времето. Нарушувањето настанува во текот на воспитувањето и оспособувањето на детето за живот во општеството (социјализација). Ако процесот на социјализација е загрозен или нарушен во која било етапа (во семејството, училиштето, поширокото друштво), детското однесување ќе почне да се менува. Нарушеното однесување може да се изрази како непослушност, каприци, недисциплина во домот, итн. Многу од овие изразувања се јавуваат во текот на развојот кај секое нормално дете: тоа лаже, зема пари од дома, доаѓа подоцна од училиште, се тепа со деца, непослушно е, се инаети, се обидува да ги истера своите желби, бега од училиште. Ако ова однесување упорно се повторува или влошува од ден на ден, ако не помага ниту убав збор ниту казна, тогаш може да се зборува за нарушување во однесувањето, односно однесување кое отстапува од нормите и обичаите на општеството во кое расте и живее детето.

Причината за детската кражба може да лежи во семејната ситуација, во односот на родителите кон него, во недостигот на внимание или време. Иако причините за детската кражба не можат секогаш да се утврдат со сигурност, факт е дека во повеќето случаи родителите можат да му помогнат на детето. Кога мајката и таткото ќе му посветат повеќе време и внимание, кога ќе му покажат љубов, кога ќе го заинтересираат за некои заеднички работи или ќе го насочат на некое хоби, потребата за кражба брзо исчезнува.

Децата од сите возрасти од предучилишна возраст до тинејџери можат да дојдат во искушение да крадат од различни причини. Многу малите деца понекогаш земаат работи и не сфаќаат дека е погрешно да се земе нешто, а да не се плати за тоа. Учениците обично знаат дека не смеат да земат нешто, а да не платат, ама тоа го прават

затоа што немаат доволно самоконтрола, или пак, да се докажат пред некого или нешто.

Тинејџерите знаат дека не смеат да крадат, ама можат да украдат за да почувствуваат возбуда или затоа што тоа го прават нивните пријатели. Некои дури веруваат дека можат да се извлечат неказнето. Со стекнувањето на контрола над сопствениот живот, понекогаш можат да украдат нешто и како резултат на бунт.

Постојат и други причини за кражба, децата можеби се лути или бараат внимание. Нивното однесување може да биде последица од стрес кој го доживуваат дома, во училиште или со пријателите. Некои може да крадат бидејќи им е потребна помош поради емоционалното и физичко злоупотребување низ кое поминуваат. Во некои случаи децата и тинејџерите крадат затоа што не можат да си го дозволат тоа што го сакаат, на пр. Може да украдат популарен брендиран предмет или крадат за да набават пари за дрога.

Која и да е причината за кражба, родителите мора да го откријат коренот на проблемот во однесувањето и да откријат дали постои причина за истото.

Кога детето ќе се фати во кражба, родителите треба да реагираат во зависност од тоа дали е првпат или тоа го сторил неколку пати. Ако детето продолжи да краде повеќе од еднаш, треба да се побара професионална помош бидејќи тоа укажува на поголем проблем и доколку не се реагира на време, истото ќе продолжи да се случува. Мотивите за крадењето кај децата и младите се поврзуваат со следниве причини[15]:

- желбата за поседување: се работи за развојно условени причини и егоистичната тенденција за поседување на предмети без одлагање и без оглед на средствата кои ќе се искористат за постигнување на целта.
- задоволување на основните потреби, храна, облека и други потреби: мотивите кои се среќаваат кај деца кои го напуштиле домот, деца кои скитаат или потекнуваат од родители кои потребите на детето не ги задоволуваат на соодветен начин
- случаен (моментален) интерес: настанува во ситуации кои претходно не се планирани, а овозможуваат присвојување на туѓ предмет.
- емоционален мотив: постои кога лицето краде со цел да ги задоволи потребите на саканата личност или намерно му нанесе штета бидејќи го мрази.

[15] Vodak P., Šamanek M., Šulc A. (1996) Mane I poremečaji ponašanja u dječijem dobu, Jugoslovenski zavod za proučevanje školskih i prosvetnih pitanja, Sarajevo

– желбата за авантура: вредноста за присвојување на сторителот е ирелевантна и т.н. лакоми мотиви кога стекнувањето на имотната корист е мотивот за крадење и има свои карактеристики на казнено дело.

6. ОСТАНАТИ ПРОБЛЕМАТИЧНИ ОДНЕСУВАЊА И НИВНИОТ ОДРАЗ

Проблемите врзани со училиштето се чести во сите возрасти, започнуваат од најрана возраст, а посебно се присутни во периодот на адолесценција. Најчести проблеми на адолесцентите врзани за училиштето се: фобија од училиштето, отсуство од часовите и напуштање на училиштето, незадоволителниот успех во училиштето, проблеми во учењето, како и проблеми врзани за однесувањето во училиштето, проблеми поврзани со развојните периоди, проблеми на денешницата. Фобијата од училиштето претставува постојан и ирационален страв на ученикот, поврзан за училиштето воопшто или за одредена личност/наставник или случка во училиштето. Се случува училиштето на учениците да им биде место на кое ќе се сеќаваат по тоа што таму биле предмет на критикување и навреди, место каде добивале ќотек или биле застрашувани и каде што спознале што е тоа социјална изолација, страв и понижување. Најразличните облици на меѓусебно малтретирање произлегуваат од интеракцијата помеѓу учениците, како и од интеракцијата на учениците со возрасните. Во тој случај станува збор за појава на нарушувања во однесувањето на учениците во училиштето. Учениците кои отсуствуваат од часовите или го напуштаат училиштето, го прават тоа свесно/намерно. На бегањето од часови и напуштањето на училиштето обично му претходат незадоволителниот училишен успех и различните облици на ризично однесување: злоупотреба на алкохолот и дрогата, промискуитетот, бегањето од дома, вклучување во банди и насилство. Голем број од учениците имаат незадоволителен успех во училиште, а причините се бројни: неизградени работни навики и други потребни вештини, недостаток на мотивација, проблеми во семејството или со врсниците, емоционални и психолошки проблеми, проблеми во учењето, пореметување на вниманието и хиперактивност, хронични болести и друго. Адолесценцијата е време на бурни психички и физички промени кај младиот човек кој е дете, а сака да биде третиран и пробува да се однесува како возрасен. Периодот од 11 до 14-годишна возраст е период во кој доминира силната нестабилност, а особено 12-годишната возраст кога учениците почнуваат да експериментираат со средствата на зависност.

Алкохолот и пушењето се првите средства на зависност кои младите ги пробуваат и со кои најчесто прв пат се среќаваат во семејниот дом, па често првото посегнување е со цел да се имитира некој, или пак, да се докаже дека тие (децата) се

или стануваат возрасни. Родителите ги предупредуваат децата на опасноста од пушењето, им претставуваат негативен став кон пушењето и од децата да бараат да не пушат, но сами пред нив пушат и со таквото однесување ги збунуваат децата. Децата и младите пушат заради чувство на смиреност и опуштеност, потоа од забава, љубопитност, пријателство со оние кои пушат, за имитирање на возрасните, или пак, заради тешкотии од општествена прифатеност. Ризична група за почнување со пушење, претставуваат децата кои се чувствуваат несигурни и неприфатени во родителскиот дом, во училишната средина, без потребната љубов и внимание од родителите и комуникација со родителите, соучениците и наставниците. Таквото дете ја прифаќа приликата да склопи пријателство со оние кои го разбираат, жртвувајќи ја својата личност. Ако таа личност е пушач, тогаш постои голема веројатност дека и детето ќе почне да пуши. Пушењето во почетокот е само љубопитност која прераснува во навика која подоцна преминува во психичка и физичка зависност.

Во зависноста од алкохол се влегува полека и незабележливо. Алкохолот се употребува во почетокот на „општествено дозволен“ начин и главно се практикува со некаква цел: да се постигне пријатно расположение, кај напнатите личности со цел да се опуштат, кај младите со цел да се докажат, за добивање на лажна сила и самодоверба. Сите наши обичаи - свадби, забави, родендени, слави, секогаш се проследени со прекумерна консумација на алкохол и ретко кој гледа нешто лошо во тоа. Алкохолот предизвикува т.н. пораст на толеранцијата кај лицата кои често го употребуваат и во еден момент неосетно човекот станува зависен од алкохол и повеќе не пие само од задоволство, туку затоа што мора. Европската повелба за алкохол 12, усвоена од земјите членки во 1995 година, ги постави денешните водечки принципи и цели за помагање, заштита на здравјето и благосостојба на сите луѓе. Оваа Декларација има за цел да ги заштити децата и младите од притисокот да се напијат алкохол и да ја намалат штетата што им е нанесена, а директно или индиректно е поврзана со алкохолот. Зависноста од дрога претставува сериозен и тежок општествен проблем во многу развиени и неразвиени земји. Оваа, во прв ред социјално-патолошка појава, има и медицински, психолошки, психијатриски, идеолошки и политички димензии. Зависноста по правило има прогредирачки тек, предизвикува оштетување на душевното и телесното здравје, како и појава на криминално однесување[16]. Најчесто,

[16] Петрова Ѓорѓева, Е. (2014) Современото училиште и моралното воспитание, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев“ , 53

младите луѓе првпат се среќаваат со дрога на забавите - дома, во кафуле, во дискотека, а неретко и во училишните дворови. Марихуаната се пуши речиси на отворена сцена. Првите обиди се прават од љубопитност и под влијание на другарите за да се остави впечаток на повозрасен, да се забораваат проблемите и сл. Иако причините за користење дрога се различни, заедничко за сите кои почнале да употребуваат дрога е дека никогаш нема да станат зависни од неа. Сепак, неколкукратните обиди за користење на опијати создаваат зависност со сериозни последици по личноста, семејството, училиштето, работата и сл. За да се прекине користењето на дрога не е потребно да се поседува само цврст карактер и волја, туку е потребна соодветна медицинска помош и долгогодишен третман. За да му се помогне на младиот човек да не тргне по патот на дрогата, слободното време би требало да му се организира во рамки на воннаставните ученички активности, во детските и младински организации, во невладини организации, во аматерски клубови. Да не се дозволи неконтролирано користење на интернетот, кој им нуди на младите не само корисни информации, туку и информации за недозволени дроги, т.е. начин на нивно набавување и подготовка. Постојано треба да им се укажува на младите за ефектите и ризиците од користењето на дрога, информациите да бидат квалитетни и претставени објективно, критички и соодветно на возраста на ученикот. Многу важно е училиштето, како и семејството, да изградат кај децата и младите соодветно мислење, вредносен апарат и начин на однесување кој ќе им помогне во конструктивното решавање на секојдневните животни ситуации кои ги чинат не само конфликтите и дилемите, туку и спротивно - задоволството, релаксирањето, забавата и слично.

7. ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Истражувачите и теоретичарите кои се занимаваат со проблемот на насилното однесување во училишната средина, сметаат дека насилното однесување меѓу учениците е одраз на целокупната ситуација во едно општество. На појавата на училишното насилство влијаат сите промени кои се случуваат во политичките, социјалните, научните и образовни структури во општеството. Насилни (и ненасилни) ученици има во сите општествени слоеви, а исто важи и за учениците кои се жртви.

7.1. СЕМЕЈСТВОТО – ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Семејството не е прост збир на одделни негови членови, туку сложен систем на индивидуи кои живеат, комуницираат и функционираат во една заедница. Семејството постојано расте, се развива, а со тоа и се менува, не само по бројот на членовите, туку и по начинот на функционирање. Во семејството секој член има своја улога која определува права, но и должности во семејното функционирање. Семејството како основна институција претставува значаен фактор во воспитувањето и формирањето на детската личност, како што кажавме неколку пати до сега.

Најголемиот дел од времето детето го поминува во семејството. Затоа однесувањето на родителите и останатите членови во семејството влијаат на интелектуалниот, личниот и социјалниот развој на детето. Во училиштето детето ја продолжува веќе започнатата социјализација, учи, стекнува нови навики и одговорности, учи за правилата на новата средина. Преку детето и во семејството се пренесуваат програмите, барањата и ставовите на училиштето. Детето е ставено во ситуација да ги воочува сличностите и разликите од двата система во кои го минува најголемиот дел од своето време, во кои расте, се развива и се формира како личност. Во современото општество, семејството е соочено со проблемот на интензивно намалување на неговата основна воспитна функција, пред сè поради појавата дисфункционалност на семејството изразена преку: пореметени семејните односи; презафатеност на родителите со бизнис или престој во странство; постоење на конфликт, агресија; развод на брак; наркоманија; секаков вид на насилство;

запоставување или занемарување на децата (глад, нехигиена и сл.); неповолни материјални услови во семејството. Неможноста да се задоволат секојдневните, како и зголемените потреби на младите, влијаат тие лесно и брзо да манифестираат различни развојни проблеми, како на пример: училишна фобија (страв од училиште, немање желба да одат на училиште), проблеми во однесувањето (нетрпеливост, нетолеранција, нервоза, агресија), проблеми со училишниот успех (немотивираност, отсуство на внимание и концентрација), ноќни стравови, ноќни мокрења, емоционални проблеми, тикови и слично. Но, семејството како природна средина за развој на децата треба да им овозможи заштита, помош и атмосфера на среќа, љубов и благосостојба. Семејството како основна клетка поврзана со општеството го губи својот авторитет и влијание. Грешката кај родителите е во пренагласувањето на значењето на материјалните вредности, па често се случува воспитувањето на децата да го остваруваат претежно со материјална стимулација, наместо со сопствен пример на љубов, доверба и одговорност. Во ориентацијата за материјалните вредности многу малку време останува за децата, па така тие недоволно контролирани во домот и училиштето многу рано почнуваат со непримерно однесување . Исто така, соработката меѓу училиштето и семејството затајува. Транзиционите движења негативно се одразија и на економската и на социјалната моќ и цврстина на семејството. Со семејството како столб во воспитувањето на децата треба да се работи. Семејните фактори клучни за антисоцијалното однесување на малолетните престапници се: занемарување /злоупотреба на деца; ниско ниво на вклученост на родителите; високо ниво на конфликт, непријателство и агресија во семејството; криминалитетот на родителите; семеен конфликт; неадекватно надгледување од родителите; рана загуба на родителите и емоционално лишување. Од семејните фактори на ризик најголемо значење за малолетничка деликвенција имаат семејното насилство, слабото надгледување од родителите и родители со антисоцијално поведение. Родителското дисциплинирање се однесува на тоа како родителите реагираат на однесувањето на децата. Истражувањата покажале дека казнувањето на децата (особено физичко) и неконзистентната дисциплина се предуслови за деликвенција. Тоа значи дека родителите на лошо однесување некогаш се индиферентни, а друг пат, истото поведение остро го казнуваат. Неконзистентноста се однесува и на различниот однос на двајца родители кон дисциплинирањето: едниот родител е попустлив, другиот родител е склон кон казнување. Емоционално ладни, отфрлувачки родители често имаат деца деликвенти. Родителската топлина делува како заштитен фактор.

Недоволната вклученост во детските активности, сиромашната комуникација помеѓу родителите и децата, како и нискиот степен на семејната кохезија претставуваат фактори на ризик.

7.1.1. Кои се заштитни семејни фактори?

Пред сè, се нагласува отсуството на сериозни семејни вознемирувања. Поновите истражувања покажале дека унапредувањето на топли семејни односи, неагресивните семејни модели, воспоставувањето на цврста врска помеѓу родителите и децата, засилувањето на родителското надгледување и воспоставувањето на јасни и постојани норми на однесување можат да помогнат да се спречи малолетничката деликвенција.

Еден од најсилните заштитни фактори е блиската релација со барем еден возрасен поддржувач. Исто така, истражувањата покажуваат дека безусловната љубов е најважниот фактор што придонесува за отпорноста на детето, наспроти повеќекратните фактори на ризик. Овој заштитен фактор е генерално ефективен, без оглед на тоа дали се работи за родител, учител или дури и волонтер.

7.2. ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Важна улога при воспитувањето треба да има училиштето. Меѓутоа, училиштето со години, на семејството не му го посветува соодветното внимание. Институциите на системот сè уште на соработката на семејството и училиштето не сметаат како на фактор кој може во многу нешта да помогне во заштитата на децата и младите. Врз основа на податоците до кои дојдовме, поврзани со спроведеното лонгитудинално триесетгодишно истражување од страна на Џералд Патерсон, се утврдило дека родителското воспитание во семејството и условите на одгледување на децата делуваат на создавањето на насилник, имајќи предвид четири различни фактори. Првите два фактори се однесуваат на димензијата родителство, на родителската топлина и родителскиот надзор. Родителите кои не им даруваат топлина на своите деца, кои не се емоционално осетливи на потребите на децата, родителите кои на децата им пружаат малку емоционална поддршка, внимание и имаат мал интерес за нив, можат да придонесат нивните деца да станат непослушни, агресивни и

да покажуваат проблеми во однесувањето. Особено важен е базичниот емоционален однос на родителите. Базично негативниот емоционален пристап, чија карактеристика е недостаток на топлина и внимание, недвосмислено ја зголемува опасноста од подоцнежна детска насилност и непријателство кон другите. Втората димензија на родителскиот стил е родителскиот надзор, степен во кој детето е надгледувано, дисциплинирано и насочувано. Родителите кои кај своите деца не воспоставуваат јасни граници на однесување, не ги учат што е дозволено, а што не, во своето однесување кон врсниците, браќата и возрасните, односно родители на деца кои се рамнодушни кон искажувањето на агресивност од страна на нивните деца, ќе ја зголемат детската агресивност, а со тоа ќе ја зголемат опасноста од подоцнежно насилно однесување. Всушност, заради изостанување на казни за детето, поради агресивно однесување, истото ќе ги зацврсти во својот репертоар агресивните реакции и тоа преку неусвојување на механизмот на агресивна инхибиција. Третиот фактор на воспитание кој го зголемува ризикот од подоцнежно насилно однесување е емоционалното и физичкото злоставување од страна на родителите или старателите. Присуството на насилство во семејството е фактор на ризик за манифестирање на агресивно однесување, а во согласност со тоа и насилно однесување[17] во училишната средина. Ваквите видови на злоставување на децата, особено емоционалното злоставување и присуството на насилство во семејството воедно претставуваат и фактори на ризик детето да стане жртва на насилство. Всушност, таа поврзаност не е директна, туку кај тие деца доаѓа до намалување на самодовербата, депресија, страв и слично. Тоа може да доведе до оддалечување од групата на врсници и изолација на децата, што во значајна мера ја зголемува веројатноста детето да стане жртва. Четвртиот фактор на воспитание, кој го зголемува ризикот детето да стане насилно, е темпераментот на детето. Според некои истражувања, децата кои со одредени потешкотии се воспитуваат, од најразлични причини, имаат повеќе проблеми во однесувањето. И бројните стресови (развод на родители, алкохолизам на родителите, хронични болести на членовите на семејството), на кои детето може да биде изложено во текот на одреден период од животот, можат да резултираат со зголемена агресивност. Децата кои со потешкотии се воспитуваат, во интеракција со недоволно осетливи, недоволно стрпливи, недоволно истрајни и недоволно стабилни родители, може да развијат несигурна привржаност со родителите, а родителите пак да реагираат агресивно на

[17] Popadić, D. (2009) Nasilje u školama, Beograd: Radonić,190

детето. Родителите треба да му помогнат на своето дете да создаде однос кон сопствените обврски, да ги препознае сопствените можности и да изгради самопочит и самодоверба. Затоа од големо значење е родителите да се научат како да родителствуваат: да бидат пример на позитивно однесување, да внимаваат на првите предупредувачки знаци кои ги манифестираат нивните деца кога нешто им се случува, да се научат на своите деца да им пружаат помош, а не казна. Потребно е да им се покаже како и кога можат да се вклучат во работата на училиштето. Родителите можат да им помогнат на своите деца само ако се информирани, едуцирани и збогатени со идеи за помош на нивните деца.

7.3.ОПШТЕСТВЕНО – ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ВО ДРЖАВАТА

Осиромашувањето на општеството, невработеноста, оневозможувањето да се задоволат основните потреби, одредени воени состојби, миграциите и друго, се причини кои младите ги доведуваат до безнадежност и депресија. Сега сме сведоци и на пандемија која ги промени, не само на децата, туку однесувањата и на возрасните.

Сите општествени кризи дополнително придонесуваат да се создаде поволен амбиент да се прошират и зацврстат сите облици на девијантно однесување на децата, учениците, младината и возрасните. Тоа е и една од причините зошто дел од младите стануваат насилници и се однесуваат агресивно, а голем дел од нив стануваат нивни жртви, жртви на многубројни облици на насилство. Живееме во време кога родителите се ангажираат и размислуваат единствено за обезбедување средства за егзистенција за нив и нивните деца, кога просветните работници не обрнуваат многу внимание на воспитувањето на учениците, бидејќи и самите се оптоварени со истите проблеми, децата се препуштени сами на себе, на својата свест и совест, препуштени сами да го организираат својот живот, учењето и слободното време. Децата пак, недоволно созреани да го разберат тоа, борбата на нивните родители за егзистенција, сонуваат за живот кој го запознаваат од медиумите, филмовите, а тоа е животот во раскош, живот без финансиски проблем и сл. За жал, нивните родители не се во состојба да им го овозможат сето тоа, а со самото тоа тие го губат угледот во очите на своите деца кои не сакаат да се идентификуваат со нив, да бидат како нив, не ги почитуваат, авторитетот се губи, ги обвинуваат за условите во кои живеат. Модели за нивна идентификација се

лицата криминалци кои лесно заработуваат, најчесто на незаконски начин, лицата кои не ги почитуваат општествените норми, станале лесна жртва на многу пороци, чиј животен стил се филмските остварувања

7.4.КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИЧНОСТА

Карактеристиките на личноста, како што се: пол и возраст, тешкотии во емоционалното и социјалното созревање, преживеаните стресови, недостатокот на самопочит, негативната идентификација (искривен модел), негативното влијание на врсниците, депресијата, намалената комуникативност, недовербата кон непознати, желбата за доминација, пасивноста, ограничените интереси, несигурноста, некритичноста, недоверливоста, начинот на соочување со стресот, отсуството на вина и срам, непочитувањето авторитети и сл., можат да бидат причини за појава на насилно однесување. Во контекст на ова, мора да се напомене дека наставниците, родителите и стручните соработници мора да ја поттикнуваат емоционалната интелигенција кај ученикот (сигурноста, љубопитноста, целисходноста, самоконтролата, поврзаноста, способноста за комуникација, спремноста за соработка), со што ќе се постигнат позитивни ефекти во развојот на емотивно здрава, отворена, слободна, креативна и комуникативна личност на ученикот. Само така ученикот успешно ќе комуницира со сите субјекти во училиштето и надвор од него. На тој начин ученикот ќе размислува подлабоко и нема да се срами да ги искаже своите емоции.

7.5.СЕКОЈДНЕВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Срединскиот фактор ги опфаќа влијанијата на средината врз ученикот, лошото друштво, улицата, како и неорганизираното користење на слободното време. Во услови на невоспоставени јасни граници на однесување, насочување и укажување на вистинските вредности на човекот, неорганизирано слободно време, постојат реални предуслови учениците да се пројават со нарушено однесување. Од училиштето како воспитно-образовна институција се очекува во најголема мерка да го намали насилното однесување од страна на учениците и истите да ги оспособи за морално и општествено

одговорно однесување во училиштето и надвор од него, како спрема наставниците и родителите, така и во меѓусебните односи. Мора да се напомене недоволната ангажираност на воспитно-образовниот кадар, кој доволно не настојува да го канализира и организира времето на учениците во училиштата и другите воспитно-образовни институции. Запоставена е воспитната компонента која е важен фактор и која секако има свој придонес во зголемувањето на асоцијалното однесување на младите. Поголем број на негативности кои се поврзани со однесувањето на младите, не се предизвикани од новото време, во кое тие ја живеат својата младост, туку се стандардни или стабилни законитости поврзани со растењето и созревањето на секоја генерација. Како младите ќе растат, ќе се развијат и оформат зависи од општествената стварност. Како младите ќе се однесуваат во училиштето зависи, пред сè, од тоа дали тие се однесуваат според вкупната морална клима што владее во училиштето, дали отстапуваат од неа и во која насока се движат.

7.6. ВРСНИЦИТЕ

За време на адолесценцијата, врсниците често имаат поголемо влијание од семејството. Како врсниците влијаат врз престапништвото? Дали припадноста на деликвентната група е причина за престапништво или тоа едноставно оди паралелно со деликвенцијата? Забележано е дека адолесцентите до 17 години вршат престапи во групи, додека оние над 17 години почесто сами. Момчињата имаат тенденција да вршат кривични дела со други момчиња на иста возраст и од соседството. Дали врсниците го поттикнуваат вршењето на кривичните дела, или во овој период сите активности се случуваат во група и надвор од домот (што е карактеристично и за деликвентите и за неделиквентите). Една од можностите е дека младите престапници се групираат поради сличноста, но и поради стигматизирањето и изолацијата од страна на институциите. Дружењето со другари-деликвенти до 14 години претставува важен предуслов на криминалитетот во периодот на младата возраст (Farrington, 1986). Продолженото дружење со другари деликвенти може да биде клучен фактор во одредувањето дали малолетниот престапник ќе продолжи да врши кривични дела и како млад возрасен. Некои истражувања велат дека адолесцентите со деликвентни другари имаат 10 пати повеќе шанси да бидат вовлечени во сериозно деликвентно

поведение отколку нивните врсници што не се дружат со деликвентни врсници. Адолесцентите коишто се социјално изолирани или отфрлени и коишто не се вклучени во традиционални социјални активности, се во зголемен ризик да се однесуваат насилно. Агресивните деца имаат тенденција да бидат отфрлени од своите врсници. Во една студија е откриено дека отфрленоста од врсниците на возраст од 9 до 10 години значајно го предвидува антисоцијалното поведение на возраст од 23 до 24 години. Агресивноста и отфрленоста од врсниците е фактор за вршење на кривични дела и издржување на затворска казна во возрасниот период. Од друга страна, врсниците можат да бидат значаен заштитен фактор. Имено, во интеракцијата со врсниците децата учат да делат, да помагаат, да бидат во емпатија со другите, што се многу важни компетенции за нивен когнитивен и социјален развој. Исто така, во друштвото на врсници се учи контрола на импулсите, комуникациски вештини, креативно и критичко мислење. Авторите наведуваат дека недостигот на овие вештини е моќен и докажан ран предиктор на деликвенција, злоупотреба на супстанции и психички потешкотии. Позитивните релации со врсниците се поврзани со позитивен став кон училиштето, посетување на училиште и подобар успех. Врсниците придонесуваат за развојот на моралноста бидејќи децата имаат можност да се сретнат со правилата на општеството, но не диктирани од авторитети, туку како продукт што произлегува од групното согласување. Накратко, односите со врсниците имаат моќно влијание на развојот на детскиот идентитет и автономијата.

7.7. РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Кога се во прашање половите разлики во манифестирањето на агресивните облици на однесување, истражувањата главно покажуваат дека момчињата се подложни на директна агресија (нпр. Lansford Skinner, Sorbring, Di Giunta, Deater-Deckard, Dodge, Malone, Oburu et al., 2012; Maccoby & Jacklin, 1974, Tapper & Boulton, 2004), а девојчињата на идиректна агресија (Björkqvist, Lagerspetz & Kaukiainen, 1992; Lagerspetz & Björkqvist, 1994). Но, две одделни метаанализи пронашле мал број на резултати кои одат во прилог на половите разлики, кога е во прашање индиректната агресивност (Archer, 2004; Card et al., 2008, према: Barlett & Coyne, 2014; Lansford et al., 2012).

Евидентираните разлики во начинот на изразување на агресивното однесување веројатно се последици на различни социјални цели. Момчињата имаат за цел физичка доминација, па затоа и директните облици на агресија ќе бидат застапени кај нив (Petrović, 2007). Од друга страна, девојчињата, како примарна цел имаат воспоставување на блиски и интерперсонални односи и доминација над нив, и затоа се склони кон употреба на индиректен облик на агресија. (Petrović, 2007). Всушност, и двата пола се еквивалентни по агресивната мотивација, само што девојчињата се плашат отворено да ги покажат своите агресивни тенденции и ги покажуваат во поблага форма. Во искажувањето на родова и полова улога се смета за општествено неприфатливо девојчињата да искажуваат директни облици на агресија, а од друга страна, за момчињата тоа е начин да се воспостави доминанција и статус во групата. Истражувањата покажале дека темпераментот има релевантна врска со развојот на однесувањето. (Rothbart & Bates, 2006).

Пред сè, се истакнува важноста на воспитувањето (стратегија на однесување и општиот став на родителите) према децата кои имаат тежок темперамент. Ваквите деца е тешко да се дисциплинираат и смират, а постојат и тешкотии во започнувањето интеракција со нив. Тешкиот темперамент го карактеризира емоционална нестабилност, немир, слабо внимание и концентрација и може да биде предикатор на проблеми во однесувањето во подоцниот период. (Essau & Conradt, 2006)

Од првите моменти по раѓањето бебињата се разликуваат врз основа на нивната емоционална реакција на дразбите од средината. Некои од нив се тивки, реагираат полека на надворешните дразби, но има и бебиња кои се иритираат брзо и честопати плачат. Развојните психолози укажуваат дека разликите во темпераментот се изразуваат уште во раната возраст во моторната активност, раздразливоста и социјалната активност.

Истражувањата покажале и дека високата негативна емоционалност придонесува до развој на анализираните проблеми. (Yoleri & Gürsimsek, 2012)

Асоцијалното повлекување, ниската адаптибилност, иритабилност, негативното расположение и слабото внимание често се поврзуваат со проблеми во однесувањето, агресивноста и деликвенцијата. (Kingston & Prior, 1995)

Кога е во прашање толеранција на фрустрација, се покажало дека децата кои имаат ниска толеранција побурно реагираат во школското опкружување и искажуваат поголем степен на агресивно однесување. (Rothbart, Derryberry & Hershey, 2000, според: Zentner & Bates, 2008)

Според извештајот на УНИЦЕФ, половина од учениците во светот, 150 милиони на возраст од 13 до 15 години пријавиле дека доживеале насилство од врсниците. Во нашата земја 42% од учениците на истата возраст, пријавиле дека доживеале малтретирање и физички пресметки во и околу училиштето. Децата кои трпат семејно насилство се исклучително подложни да станат сторители или жртви на насилство во преминот кон адолесценција. Според СЗО, 30% од децата во земјава се изложени на запоставеност, а според податоците на УНИЦЕФ, 52% трпат насилство во домот. Образовните системи не треба да го спречуваат насилството само во училиште, туку треба да се обидат да го намалат и ефектот од насилството дома. Училиштето треба да најде начин со кој ќе се ублажи и намали лошото влијание од семејното насилство врз однесувањето на детето, а со тоа ќе му се помогне на детето да се концентрира на учењето.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Голем број на истражувања се занимаваат со испитување или проучување на факторите кои влијаат на манифестирање на агресијата, а со зачестеноста на ова насилство, оваа тема се става на прв план. Децата поголемиот дел од своето време го поминуваат во училишно опкружување, кое исто така претставува фактор кој може да учествува во манифестирањето и регулирањето на агресивното однесување. Затоа, треба да се утврди дали темпераментот и полот имаат улога во агресивноста кај учениците и дали со раното препознавање на неадекватните облици на однесување ќе се постигне важна улога во формирање на превентивни програми и едукации, коишто ќе бидат адаптирани според социјалните облици на однесување.

Во ова истражување ќе се анализираат и споредуваат односите на учениците на училишна возраст, а воедно и ќе се поврзат семејните односи кои влијаат врз развојот на децата сè до фазата адолесценција.

Како главен сегмент од овој истражувачки труд ќе заземе агресијата која се манифестира во разни облици, од кои најприсутни се: врсничкото насилство, лажењето и крадењето.

2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето ќе биде да се воочат факторите кои го предизвикуваат проблемот (семејството, околината и самиот карактер на детето), потоа да се навлезе подлабоко во несаканите манифестации на агресијата (врсничко насилство, лажење, крадење) и како детето да се изгради во здрава возрасна личност.

Актуелното во истражувањето е како да се најде решение за проблемот наречен агресија, или како тој да се манифестира во други облици кои нема да бидат штетни за детето, а воедно и за заедницата во која живее. Целите на оваа работа се:

- Да се испита дали постојат полови разлики во директната и индиректната агресивност кај децата;
- Да се испитаат дали темпераментот и полот имаат примарна улога кај агресивноста на децата;
- Да се испита дали постои ефект на интеракција на полот и темпераментот во искажувањето на агресивноста;

Истражувањето ќе биде од квантитативен вид и карактер.

3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачи на истражувањето се:

- Да се пронајде изворот на агресијата, од каде таа потекнува кај децата;
- Да се дефинира како таа се манифестира кај деца од различен пол, карактер, различно потекло на семејство, култура и сл.;
- Колку е моќен факторот агресија помеѓу односите со други единки;
- Како да се спречи агресивното однесување;
- Поврзаноста на децата со агресивно однесување и училиштето, проблеми и конфликти;
- Развој и изградување на здрави адолесценти.

4. ХИПОТЕЗИ

Во истражувањето врз основа на дефинираниот проблем, определени се главна и посебни хипотези.

Главната хипотеза гласи:

Агресивното однесување на учениците се појавува како резултат на повеќе фактори.

Како посебни хипотези се:

1. Ако семејството неправилно го воспитува ученикот, тогаш тој ќе има агресивно однесување.
2. Ако наставниците се однесуваат нееднакво кон учениците, тогаш некои од нив може да развијат агресивно однесување.
3. Ако учениците не се соодветно разбрани, тогаш тие ќе развијат агресивно однесување.

5. ВАРИЈАБЛИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз основа на проблемот и хипотезите во истражувањето, се определени варијаблите.

Зависна варијабла е агресивното однесување.
Независна варијабла е воспитувањето на учениците.

6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Проучувањето на проблемот ќе се врши со емпириско истражување од дескриптивен карактер. Ќе се направи анализа на влијанието на независната варијабла врз зависната и ќе се утврдат причинско-последичните односи со користење на каузалниот метод.

Проблематичното однесувањето на децата е проблем кој не може никогаш да биде решен во целост и не постои конечен резултат на сите методи и техники кои еден психолог, социолог или наставник ќе ги примени, па затоа постојано треба да се разгледуваат опциите за децата да се развијат во примерни адолесценти. За агресијата се користеле и сè уште се користат методи и техники за нејзино правилно манифестирање, за исфрлање на истата, која всушност е гнев, кој најчесто децата го исфрлаат од себе на погрешен начин. Во зависност од детето и ситуацијата, се применуваат мерки за исфрлање на гневот или понекогаш се казнува проблематичното дете со цел да му се докаже дека агресијата, т.е. гневот не влијае добро. Агресијата за мене како наставник е секојдневие кое е присутно кај поголемиот дел од децата. Ова однесување е всушност и мотивот кој ме предизвика да го спроведам ова истражување.

За потребите на ова истражување ќе биде искористена основната методолошка техника - анкета. Ќе биде направена анонимна анкета на ученици од 9 до 16 години, кои ќе имаат обврска да одговорат искрено и самостојно, со цел да помогнат заеднички да го подобриме однесувањето најпрво на самите себе, а потоа и на луѓето околу нас.

Со терминот агресија се занимавале голем број на експерти кои се грижеле за воспитувањето кај децата и терминот потекнува уште од 1930 година. Ставовите на авторите кои го анализираат ова прашање се наоѓаат во дилема, дали агресијата е внатрешна карактеристика на човекот, или пак, е научена низ искуствата. При обидот да се даде покомплетна дефиниција на агресивното однесување скоро сите автори се согласни во однос на основниот критериум – намерата на некој да му биде нанесена штета или некој друг да биде оштетен. Во крајна линија, знаејќи дека агресијата претставува дел од социјалниот живот на човекот, па и затоа истата мора да биде анализирана и разгледувана токму во тој социо-општествен амбиент. Различните теории имаат различни ставови и мислења за потеклото на агресијата. Психоаналитичката теорија, пак, тргнува од гледиштето дека агресијата е една од фундаменталните и вродените сили на човековото однесување, односно дека агресијата носи печат првенствено на вродените поттикнувачи или тенденции. Бихевиористичка теорија се темели врз сфаќања што ги прифаќаат вродените елементи како компоненти на агресивното однесување, но го истакнуваат значењето на средината (опкружувањето) за јавување и изразување на агресивното однесување. Сепкултурната теорија се темели врз сфаќањето дека агресивното однесување е исклучиво или првенствено стекнато и научено однесување, односно агресијата, пред сè, е условена од влијанието на социјалната средина во која живее поединецот. Анализата на сите

овие теории, психоаналитичката, бихевиористичката и сепкултурната беше неопходно од причина за подобро да ги запознаеме изворите на агресијата и насилничкото однесување. Од изнесените размислување за посочените теории треба да се заклучи и согледа дека изворот на агресијата и насилството не може да се определи врз основа на една теорија и нејзините ставови. За да успееме да добиеме вистинска слика за потеклото на агресијата, неопходно ќе биде овие теории да ги разгледаме преку еден интегративен пристап и на тој начин да се обидеме да го разрешиме проблемот. Сметаме дека ваквиот интегративен пристап ќе ни помогне точно да го одредиме потеклото на агресијата. Некои ќе речат дека едно вакво разгледување не е оправдано од причина што ние кога ги разгледуваме изворите на агресијата не говориме за појавните облици на насилството (феноменологијата), туку напротив, говориме за причините за нејзина појава (етиологијата). Ова тврдење во извесна мерка може да се смета за точно, но не во целост бидејќи секое насилство, т.е. секој појавен облик на насилничко однесување најпрво мораме да го анализираме од аспект на неговата етиологија, за подоцна да можеме правилно и концизно да ги детектираме сите појавни облици на криминалитетот на насилство. Таа низа етологија - феноменологија - превенција не би требало да ја занемариме, па затоа сметаме дека ваквиот пристап е оправдан. Како дополнителна техника за собирање на податоци ќе се користи и техниката интервју. Од инструментите ќе се користи анкетен лист – прашалник конструиран за потребите на истражувањето, почитувајќи ги поставените задачи и хипотези, како и протокол за интервју. При составувањето на прашањата во прашалникот ќе се води сметка за тоа прашањата да бидат јасни, недвосмислени и прецизно формулирани.

7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

За потребите на ова истражување ќе се користат примероци од испитаници (деца) кои ќе бидат анкетирани анонимно и онлајн. Иако децата се од специфична возрасна група, од нив ќе биде побарано самостојно да учествуваат во истражувањето, секако со согласност од родителите.

Возрасната граница на испитаниците ќе биде од 9 до 16 години. Бројот на испитаници ќе биде N ≥100. Онлајн анкетата ќе биде изработена преку Google Forms. Линк од истата ќе биде објавена на личниот профил на истражувачот, а и лично

истражувачот ќе го сподели со испитаниците. Просечното време кое е потребно за пополнување на инструментите е околку 15 минути.

8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Статистичката обработка на податоците ќе биде вршена со Статистички пакет за социјални науки – IBM SPSS Statistics 19 со примена на дескриптивно-статистички и инференцијално-статистички методи. Континуираните варијабли ќе се прикажат како средна вредност со стандардна девијација, а номиналните варијабли како апсолутни броеви и проценти.

Дескриптивните статистички методи ќе се состојат од табеларно и графичко претставување на статистичките серии според дефинираните варијабли.

Инференцијално-статистички методи, кои ќе се применуваат во истражувањето, се:

- Анализа на квантитативните белези – одредување на аритметичка средина и стандардна девијација;
- Анализа на квалитативните белези – одредување на односи, пропорции и проценти;
- Pearson-ов χ^2 тест (или Fisher's exact тест) за споредување на атрибутивните серии;
- Корелација – за проценување на зависноста на опрсервираните варијабли;

9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Податоците ќе се прибираат во првата половина на 2021 година. Се очекува по започнувањето на постапка за прибирање податоци, таа фаза да трае не повеќе од 3 седмици.

III. РЕЗУЛТАТИ

1. КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Ова истражување е спроведено во една организација, но со различен профил на анкетирани примероци. Примерокот кој е истражуван е исклучиво анонимен, но сепак, постои соодветна професионална и полова распределеност. Во истражувањето се опфатени 190 испитаници во три анкетни прашалници, од кои 76 се ученици, 39 се наставници, а 75 се родители.

Во анкетниот прашалник за ученици одговорија 76 ученици, од кои 31 се машки, а 45 се женски. Учениците имаат од 11 до 15 години и посетуваат настава од 6-то до 9-то одделение. Повеќе од половина од анкетитаните ученици имаат по 14 години и посетуваат настава во 9-то одделение.

Табела 1: Години на учениците

Години	11	12	13	14	15
	3	4	17	40	12

Табела 2: Одделение

Одделение	6	7	8	9
	4	6	25	41

На прашањето: „Дали сметате дека придонесувате во училиштето?“, од вкупниот број на анкетирани ученици, 32 одговориле дека сметаат дека придонесуваат во училиштето, 34 не се сигурни дали придонесуваат, односно одговориле со „не знам“ и 10 сметаат дека не придонесуваат во училиштето.

Табела 3: Одговори на прашањето 1.1

Дали сметате дека придонесувате во училиштето?		
Да	Не знам	Не
32	34	10

Изразено во проценти, 42% од анкетираните ученици сметаат дека придонесуваат во училиштето, 45% не знаат дали придонесуваат и 13% одговориле дека не придонесуваат во училиштето.



Графикон 1: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.1

На прашањето: „Дали постои нешто во училиштето што ве плаши?“, од вкупно 76 анкетирани, ученици 15 одговориле дека постои нешто што ги плаши во училиштето, 4 се изјасниле дека не знаат дали нешто ги плаши, а дури 57 одговориле дека во училиштето не постои нешто што ги плаши.

Табела 4: Одговори на прашањето 1.2

Дали постои нешто во училиштето што ве плаши?		
Да	Не знам	Не
15	4	57

Претставено во проценти, од 76 ученици, 20% одговориле дека има нешто во училиштето што ги плаши, само 5% не знаат, а високи 75% одговориле дека не постои нешто во училиштето кое ги плаши.



Графикон 2: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.2

На прашањето: „Дали постои нешто во училиштето што ве инспирира?“, од 76 ученици кои одговориле на анкетниот прашалник, 45 се изјасниле потврдно, 11

одговориле со „не знам“ и 20 ученици одговориле дека не постои нешто во училиштето што ги инспирира.

Табела 5. Одговори на прашањето 1.3

Дали постои нешто во училиштето што ве инспирира?		
Да	Не знам	Не
45	11	20

Процентуално претставено, повеќе од половина, односно 59% од учениците одговориле дека постои нешто во училиштето што ги инспирира, 15% не знаат дали постои такво нешто во училиштето и 26% се изјасниле дека не постои нешто во училиштето што ги инспирира.



Графикон 3: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.3

На прашањето: „Дали има некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со вас?“, дури 54 од вкупниот број на анкетирани ученици одговориле дека има некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со нив, 11 ученици не знаат дали има некој таков и исто толку ученици одговориле дека нема некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со нив.

Табела 6: Одговори на прашањето 1.4

Дали има некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со вас?		
Да	Не знам	Не
54	11	11

Како што може да се забележи од графиконот 4, високи 71% се изјасниле потврдно, 15% одговориле дека не знаат и само 14% одговориле дека нема некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со нив.



Графикон 4: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.4

На прашањето: „Дали мислиш дека имаш на кого да се обратиш во училиштето?“, од 76 ученици кои одговориле на анкетниот прашалник, дури 65 сметаат дека има на кого да се обратат во училиштето, само 4 одговориле со „не знам“ и 7 мислат дека нема на кого да се обратат во училиштето.

Табела 7: Одговори на прашањето 1.5

Дали мислиш дека имаш на кого да се обратиш во училиштето?		
Да	Не знам	Не
65	4	7

Според процентуалниот приказ на одговорите на ова прашање, 86% од анкетираните ученици одговориле дека има на кого да се обратат во училиштето, 5% не знаат дали има на кого да се обратат и 9% сметаат дека нема на кого да се обратат во училиштето.



Графикон 5: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.5

На прашањето: „Дали сметаш дека е во ред некогаш да се направи грешка?“, од вкупниот број на анкетирани ученици, дури 67 сметаат дека е во ред некогаш да се

направи грешка, 6 не се сигурни, а само 3 сметаат дека не е во ред понекогаш да се направи грешка.

Табела 8: Одговори на прашањето 1.6

Дали сметаш дека е во ред некогаш да се направи грешка?		
Да	Не знам	Не
67	6	3



Графикон 6: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.6

Изразено во проценти, високи 88% од учениците сметаат дека е во ред понекогаш да се направи грешка, 8% одговориле дека не знаат дали е во ред и само 4% сметаат дека не е во ред понекогаш да се направи грешка.

На прашањето: „Дали може да се обратите за помош на вашиот класен раководител?“, дури 69 ученици одговориле потврдно, 4 не се сигурни дали може да му се обратат на класниот раководител за помош и 3 ученици мислат дека не можат да се обратат за помош на својот класен раководител.

Табела 9: Одговори на прашањето 1.7

Дали може да се обратите за помош на вашиот класен раководител?		
Да	Не знам	Не
69	4	3

Според графиконот кој ги прикажува одговорите на ова прашање, високи 91% од анкетираните ученици сметаат дека можат да се обратат за помош кај својот класен раководител, 5% не се сигурни дали може да го направат тоа и 4% одговориле дека не можат да се обратат за помош кај својот класен раководител.



Графикон 7: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.7

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител е смирен кога одредени ученици се однесуваат несоодветно?“, од вкупно 76 анкетирани ученици, повеќе од половина, односно 42 одговориле потврдно, 18 одговориле со „не знам“ и 16 одговориле сека нивниот класен раководител не е смирен кога некои ученици се однесуваат несоодветно.

Табела 10: Одговори на прашањето 1.8

Дали вашиот класен раководител е смирен кога одредени ученици се однесуваат несоодветно?		
Да	Не знам	Не
42	18	16

Изразено во проценти, 55% од анкетираните ученици одговориле дека нивниот класен раководител е смирен кога некои ученици се однесуваат несоодветно, 24% не знаат како да ја дефинираат реакцијата на нивниот класен раководител и 21% сметаат дека нивниот класен раководител не е смирен кога одредени ученици се однесуваат несоодветно.



Графикон 8: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.8

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител ги разрешува кавгите помеѓу учениците?“, дури 68 ученици одговориле дека нивниот класен раководител ги разрешува кавгите помеѓу учениците, 4 се изјасниле со „не знам“ и исто толку одговориле дека нивниот класен раководител не ги разрешува кавгите помеѓу учениците.

Табела 11: Одговори на прашањето 1.9

Дали вашиот класен раководител ги разрешува кавгите помеѓу учениците?		
Да	Не знам	Не
68	4	4

Претставено во проценти, високи 90% од учениците одговориле дека нивниот класен раководител ги разрешува кавгите помеѓу учениците, а по 5% од нив не знаат, односно сметаат дека тој не ги разрешува кавгите.



Графикон 9: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.9

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител е реален во очекувањата за однесувањето на учениците?“, вкупно 55 ученици сметаат дека нивниот класен раководител е реален во очекувањата за однесувањето на учениците, 14 ученици одговориле дека не знаат дали тој е реален во очекувањата и 7 ученици сметаат дека класниот раководител не е реален во очекувањата за однесувањето на учениците.

Табела 12: Одговори на прашањето 1.10

Дали вашиот класен раководител е реален во очекувањата за однесувањето на учениците?		
Да	Не знам	Не
55	14	7

Процентуално прикажано, 72% од анкетираните сметаат дека нивниот класен раководител е реален во очекувањата за однесувањето на учениците, 19% одговориле дека не знаат дали нивниот класен раководител е реален, а 9% мислат дека нивниот класен раководител не е реален во очекувањата за однесувањето на учениците.



Графикон 10: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.10

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител ве запознал со неговите очекувања за однесувањето?“, од вкупно 76 анкетирани ученици, 50 одговориле дека нивниот класен раководител ги има запознаено со неговите очекувања за однесувањето, 21 одговориле дека не знаат дали класниот раководител ги има запознаено и само 5 ученици одговориле дека нивниот класен раководител ги нема запознаено со неговите очекувања во врска со однесувањето.

Табела 13: Одговори на прашањето 1.11

Дали вашиот класен раководител ве запознал со неговите очекувања за однесувањето?		
Да	Не знам	Не
50	21	5

Изразено во проценти, 66% од анкетираните ученици се изјасниле дека нивниот класен раководител ги има запознаено во врска со неговите очекувања за однесувањето, 28% од анкетираните не се сигурни дали ги има запознаено со неговите очекувања, односно одговориле со „не знам“ и само 6% се изјасниле дека нивниот класен раководител ги нема запознаено со неговите очекувања за однесувањето.



Графикон 11: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.11

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител е доследен во очекувањата за однесувањето?“, повеќе од половина, односно 50 ученици одговориле дека нивниот класен раководител е доследен во очекувањата за однесувањето, 19 ученици се изјасниле дека не знаат дали тој е доследен и 7 одговориле дека сметаат дека нивниот класен раководител не е доследен во очекувањата за однесувањето.

Табела 14: Одговори на прашањето 1.12

Дали вашиот класен раководител е доследен во очекувањата за однесувањето?		
Да	Не знам	Не
50	19	7

Процентуално претставено, 66% од анкетираните се согласуваат дека нивниот класен раководител е доследен во очекувањата за однесувањето, 25% одговориле дека не знаат и 9% се изјасниле дека нивниот класен раководител не е доследен во очекувањата за однесувањето.



Графикон 12: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.12

На прашањето: „Дали постои пристрасност на вашиот класен раководител кон одредени ученици?“, од вкупно 76 анкетирани ученици, 18 одговориле потврдно, 31 ученик одговориле дека не знаат дали нивниот класен раководител е пристрасен кон некои ученици и 27 од учениците одговориле со „не“.

Табела 15: Одговори на прашањето 1.13

Дали постои пристрасност на вашиот класен раководител кон одредени ученици?		
Да	Не знам	Не
18	31	27

Според процентуалната распределба, скоро една четвртина, односно 24% од анкетираните одговориле дека постои пристрасност на нивниот класен раководител кон одредени ученици, 41% тоа не го забележале, односно одговориле со „не знам“ и 35% сметаат дека не постои пристрасност.



Графикон 13: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.13

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител повеќе посветува внимание на несоодветното однесување во однос на соодветното?“, од вкупниот број на анкетирани ученици, 22 одговориле дека нивниот класен раководител повеќе посветува внимание на несоодветното однесување, а по 27 од нив се изјасниле дека не знаат, односно дека нивниот класен раководител не посветува повеќе внимание.

Табела 16: Одговори на прашањето 1.14

Дали вашиот класен раководител повеќе посветува внимание на несоодветното однесување во однос на соодветното?		
Да	Не знам	Не
22	27	27

Изразено во проценти, 29% од анкетираните сметаат дека нивниот класен раководител повеќе посветува внимание на несоодветното однесување и по 35,5% од учениците се изјасниле дека не знаат, односно дека нивниот класен раководител не посветува повеќе внимание на несоодветното однесување, во однос на соодветното.



Графикон 14: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.14

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител јасно ви кажал какво однесување очекува од вас?“, 56 ученици одговориле потврдно, 12 ученици се изјасниле дека не знаат дали нивниот класен раководител јасно им кажал какво однесување очекува од нив и 8 ученици одговориле со „не“.

Табела 17: Одговори на прашањето 1.15

Дали вашиот класен раководител јасно ви кажал какво однесување очекува од вас?		
Да	Не знам	Не
56	12	8

Според графиконот на кој е претставен процентуалниот приказ, 74% од анкетираните ученици сметаат дека нивниот класен раководител јасно им кажал какво однесување очекува од нив, 16% не знаат дали класниот раководител им кажал и 10% се изјасниле дека класниот раководител не им кажал какво однесување очекува од нив.



Графикон 15: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.15

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител ве води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел?“, 45 ученици одговориле потврдно, 16 се изјасниле дека не знаат и 15 сметаат дека нивниот класен раководител не ги води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел.

Табела 18: Одговори на прашањето 1.16

Дали вашиот класен раководител ве води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел?		
Да	Не знам	Не
45	16	15

Според процентуалниот приказ, 59% од анкетираните ученици се изјасниле дека нивниот класен раководител ги води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел, 21% не знаат дали е тоа така и 20% мислат дека нивниот класен раководител не ги води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел.



Графикон 16: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.16

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител го цени времето кога работите напорно кон постигнување на добри резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности?“, според одговорите, 57 од учениците се согласуваат дека е тоа така, 14 не знаат, а 5 сметаат дека нивниот класен раководител не го цени времето кога работат напорно кон постигнување на добри резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности.

Табела 19. Одговори на прашањето 1.17

Дали вашиот класен раководител го цени времето кога работите напорно кон постигнување на добри резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности?		
Да	Не знам	Не
57	14	5

Процентуално претставено, дури 75% од анкетираните ученици сметаат дека нивниот класен раководител го цени времето кога работите напорно кон постигнување на добри резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности, 18% одговориле со „не знам“ и само 7% не се согласиле.



Графикон 17: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.17

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител го прашува секој од вас дали сте разбрале што сте научиле?“, 66 ученици одговориле потврдно, само 4 ученици одговориле дека не знаат, а 6 ученици сметаат дека нивниот класен раководител не го прашува секој ученик за тоа дали разбрале и што научиле.

Табела 20: Одговори на прашањето 1.18

Дали вашиот класен раководител го прашува секој од вас дали сте разбрале што сте научиле?		
Да	Не знам	Не
66	4	6

Според процентуалната распределба, 87% од учениците сметаат дека нивниот класен раководител ги прашува сите ученици за тоа дали разбрале и што научиле, само 5% се изјасниле дека не знаат дали прашува и 8% сметат дека класниот раководител не ги прашува дали разбрале и што научиле.



Графикон 18: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.18

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител има фер правила за часот и е крајно непристрасен?“, од 76 анкетирани ученици, 49 одговориле дека нивниот класен раководител има фер правила за часот и е крајно непристрасен, дури 20 одговориле дека не знаат и 7 одговориле дека нивниот класен раководител нема фер правила за часот и не е крајно непристрасен.

Табела 21: Одговори на прашањето 1.19

Дали вашиот класен раководител има фер правила за часот и е крајно непристрасен?		
Да	Не знам	Не
49	20	7

Изразено во проценти, 65% сметаат дека нивниот класен раководител има фер правила за часот и е крајно непристрасен, 26% не знаат дали е тоа така и 9% се изјасниле дека нема фер правила за часот и нивниот класен раководител не е крајно непристрасен.



Графикон 19: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.19

На прашањето: „Дали вашиот класен раководител ве охрабрува да имате подобри перформанси?“, високи 58 од анкетираните одговориле дека нивниот класен раководител ги охрабрува да имаат подобри перформанси, 12 не се сигурни дека е тоа така и само 6 ученици сметаат дека нивниот класен раководител не ги охрабрува да имаат подобри перформанси.

Табела 22: Одговори на прашањето 1.20

Дали вашиот класен раководител ве охрабрува да имате подобри перформанси?		
Да	Не знам	Не
58	12	6

Претставено во проценти, дури три четвртини, односно 76% од анкетираните ученици сметаат дека нивниот класен раководител ги охрабрува да имаат подобри перформанси, 16% се изјасниле дека не знаат дали нивниот класен раководител ги охрабрува да имаат подобри перформанси и 8% од учениците сметаат дека нивниот класен раководител не ги охрабрува да имаат подобри перформанси.



Графикон 20: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.20

На прашањето: „Кој мислите дека најмногу верува во вас?“, само 6 од вкупниот број на ученици одговориле дека тоа се соучениците, 10 од нив сметаат дека во нив најмногу верува класниот и 60 од анкетираните се изјасниле дека сметаат дека во нив најмногу веруваат родителите.

Табела 23: Одговори на прашањето 1.21

Кој мислите дека најмногу верува во вас?		
Соучениците	Класниот	Родителите
6	10	60

Според процентуалниот приказ на одговорите на ова прашање, само 8% од учениците мислат дека во нив најмногу веруваат соучениците, 13% сметаат дека оној кој најмногу верува во нив е класниот и високи 79% одговориле дека, според нив, во нив најмногу веруваат родителите.




Графикон 21: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.21

На прашањето: „Кој збор ве опишува најдобро?“, од вкупно 76 анкетирани ученици, 7 се опишале себе како мрзливи, 27 за себе мислат дека се вредни, 31 ученик сметаат дека се нормални, 10 ученици се гледаат себе како темпераментни, а само 1 ученик се смета себе за немирен.

Табела 24: Одговори на прашањето 1.22

Кој збор ве опишува најдобро?				
Мрзлив	Вреден	Нормален	Темпераментен	Немирен
7	27	31	10	1

Процентуално претставено, 41% од анкетираните ученици се опишуваат себе како нормални, 36% мислат дека се вредни, 13% сметаат дека се темпераментни, 9% се опишуваат како мрзливи и само 1% за себе смета дека се немирни.



Графикон 22: Графички приказ на одговорите на прашањето 1.22

Во анкетниот прашалник за наставници, одговорија 39 наставници, кои според полот 9 се машки и 30 женски пол. Според образованието, има 2 наставници со средна стручна спрема, 4 со виша, 31 се со високо образование и 2 се магистри.

Табела 25: Распределба според пол

пол	машко	женско
	9	30

Табела 26: Образование на наставници

Образование	ССС	ВШС	ВСС	МР
	2	4	31	2

Според возрасната граница, имаме 15 наставници кои се на возраст од 20 до 30 години, 11 имаат од 31 до 40 години, 7 се на возраст од 41 до 50 години, 4 се од 51 до 60 години и двајца наставници кои имаат повеќе од 61 година. Според стажот пак, имаме 18 наставници кои се со помалку од 10 години работно искуство, по 8 имаат од 11 до 20 години и од 21 до 30 години стаж, и 5 наставници имаат од 31 до 40 години работно искуство.

Табела 27: Распределба според возраст

Возраст	20-30	31-40	41-50	51-60	>61
	15	11	7	4	2

Табела 28: Распределба според стаж


Стаж	0-10	11-20	21-30	31-40
	18	8	8	5

На прашањето: „Дали учениците понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување?“, од вкупно 39 анкетирани наставници, 36 одговориле дека учениците понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување, а само 3 наставници одговориле дека тоа учениците го прават често.

Табела 29. Одговори на прашањето 2.1

Дали учениците понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	36	3

Според процентуалниот приказ на одговорите на ова прашање, високи 92% од анкетираните наставници одговориле дека учениците понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата на добро однесување и 8% сметаат дека учениците често се однесуваат како да не ги знаат правилата на добро однесување.



Графикон 23: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.1

На прашањето: „Дали учениците ги следат правилата наметнати од наставниците?“, од вкупниот број на анкетирани наставници, 24 се изјасниле дека учениците понекогаш ги следат правилата наметнати од наставниците, а 15 одговориле дека учениците често ги следат правилата наметнати од наставниците.

Табела 30: Одговори на прашањето 2.2

Дали учениците ги следат правилата наметнати од наставниците?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	24	15

Претставено во проценти, 62% од наставниците одговориле дека учениците понекогаш ги следат правилата наметнати од нив и 38% одговориле дека тоа учениците го прават често.



Графикон 24: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.2

На прашањето: „Дали наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?“, од вкупно 39 анкетирани наставници, по 7 одговориле дека наставниците никогаш, односно често добро го користат системот за казнување на учениците, а 25 наставници се изјасниле дека тие понекогаш добро го користат системот за казнување.

Табела 31: Одговори на прашањето 2.3

Дали наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?		
Никогаш	Понекогаш	Често
7	25	7

Изразено во проценти, 64% од наставниците одговориле дека тие понекогаш добро го користат системот кој е наменет за казнување на учениците, а по 18% се изјасниле дека тие овој систем добро го користат често, односно никогаш.




Графикон 25: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.3

На прашањето: „Дали наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?“, од 39 анкетирани ученици, 9 одговориле дека наставниците понекогаш обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците, а 30 сметаат дека тоа наставниците го прават често.

Табела 32: Одговори на прашањето 2.4

Дали наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	9	30

Според процентуалниот приказ, 77% од анкетираните наставници сметаат дека наставниците често обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците, а 23% сметаат дека тоа наставниците го прават понекогаш.



Графикон 26: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.4

На прашањето: „Дали емоционалната атмосфера во училиштето е негативна и непријателска?“ ,19 наставници сметаат дека емоционалната атмосфера во училиштето никогаш не е негативна и непријателска, додека 20 од нив одговориле дека емоционалната атмосфера во училиштето понекогаш е негативна и непријателска.

Табела 33: Одговори на прашањето 2.5

Дали емоционалната атмосфера во училиштето е негативна и непријателска?		
Никогаш	Понекогаш	Често
19	20	0

Според процентуалната распределба на одговорите на ова прашање, скоро половина од наставниците, односно 49% одговориле дека емоционалната атмосфера во училиштето никогаш не е негативна и непријателска, а другата половина, односно 51% сметаат дека емоционалната атмосфера во училиштето понекогаш е негативна и непријателска.



Графикон 27: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.5

На прашањето: „Дали правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?“, само еден наставник смета дека правилата за добро однесување никогаш не се објаснети и разбрани од сите ученици, 11 одговориле дека правилата за добро однесување понекогаш се објаснети и разбрани од сите ученици, а 27 од анкетираните одговориле дека правилата се често објаснети и разбрани.

Табела 34: Одговори на прашањето 2.6

Дали правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?		
Никогаш	Понекогаш	Често
1	11	27

Процентуално прикажано, 69% од анкетираните наставници одговориле дека правилата за добро однесување често се објаснети и разбрани од сите ученици, 28% од нив сметаат дека тие правила понекогаш се објаснети и 3% од наставниците одговориле дека правилата за добро однесување никогаш не се објаснети и разбрани од сите ученици.



Графикон 28: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.6

На прашањето: „Дали учениците кои се однесуваат лошо се казнуваат брзо?“, од вкупно 39 анкетирани наставници, 9 одговориле дека учениците кои се однесуваат лошо се казнуваат брзо, 25 сметаат дека тоа се прави понекогаш, а 5 се изјасниле дека учениците кои се однесуваат лошо често се казнуваат брзо.

Табела 35: Одговори на прашањето 2.7

Дали учениците кои се однесуваат лошо се казнуваат брзо?		
Никогаш	Понекогаш	Често
9	25	5

Изразено во проценти, 13% од анкетираните се изјасниле дека учениците кои се однесуваат лошо често се казнуваат брзо, 64% сметаат дека учениците понекогаш се казнуваат брзо, а 23% одговориле дека учениците кои се однесуваат лошо никогаш не се казнуваат брзо.



Графикон 29: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.7

На прашањето: „Дали учениците кои се однесуваат добро добиваат позитивно внимание?“ само 2 од вкупно 39 анкетирани наставници одговориле дека учениците

кои се однесуваат добро никогаш не добиваат позитивно внимание, 9 се изјасниле дека учениците кои се однесуваат добро понекогаш добиваат позитивно внимание, а 28 сметаат дека учениците кои се однесуваат добро често добиваат позитивно внимание.

Табела 36: Одговори на прашањето 2.8

Дали учениците кои се однесуваат добро добиваат позитивно внимание?		
Никогаш	Понекогаш	Често
2	9	28

Според процентуалниот приказ на одговорите на ова прашање, 5% од наставниците сметаат дека учениците кои се однесуваат добро никогаш не добиваат позитивно внимание, 23% сметаат дека учениците кои се однесуваат добро често добиваат позитивно внимание и 72% одговориле дека учениците кои се однесуваат добро понекогаш добиваат позитивно внимание.



Графикон 30: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.8

На прашањето: „Дали наставниците ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети?“, од вкупниот број на анкетирани наставници, 15 се изјасниле дека наставниците понекогаш ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети, а 24 сметаат дека наставниците често ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети.

Табела 37: Одговори на прашањето 2.9

Дали наставниците ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	15	24

Изразено во проценти, 38% од наставниците одговориле дека наставниците понекогаш ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети и 62% сметаат дека наставниците често ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети.



Графикон 31: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.9

На прашањето: „Дали наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?“, 19 од вкупно 39 анкетирани наставници одговориле дека наставниците никогаш не користат високо ниво на санкции за лошо однесување, 17 од нив сметаат дека наставниците понекогаш користат високо ниво на санкции за лошо однесување и само 3 се изјасниле дека наставниците често користат високо ниво на санкции за лошо однесување.

Табела 38: Одговори на прашањето 2.10

Дали наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?		
Никогаш	Понекогаш	Често
19	17	3

Според процентуалниот приказ на одговорите на ова прашање, 8% од наставниците одговориле дека тие често ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети, 43% сметаат дека тоа го прават понекогаш и 49% се изјасниле дека тие никогаш не ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети.



Графикон 32: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.10

На прашањето: „Дали наставниците користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците?“, само 2 наставници одговориле дека наставниците никогаш не користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците, 13 од нив сметаат дека тоа го прават понекогаш и 24 се изјасниле дека тие често користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците.

Табела 39: Одговори на прашањето 2.11

Дали наставниците користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците?		
Никогаш	Понекогаш	Често
2	13	24

Процентуално претставено, 5% од наставниците сметаат дека наставниците користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците, 33% одоговориле дека тоа го прават понекогаш, а 62% се изјасниле дека тоа го прават често.



Графикон 33: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.11

На прашањето: „Дали постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?“, на ова прашање 7 наставници одговориле дека понекогаш постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, а 32 наставници се изјасниле дека често постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот.

Табела 40: Одговори на прашањето 2.12

Дали постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	7	32

Според процентуалниот приказ на одговорите на прашањето, 18 % сметаат дека понекогаш постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, додека 82% одговориле дека често постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот.



Графикон 34: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.12

На прашањето: „Дали часовите честопати се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците?“, 15 наставници одговориле дека часовите никогаш не се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците, 19 се изјасниле дека часовите понекогаш се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците, а 5 наставници сметаат дека часовите честопати се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците.

Табела 41: Одговори на прашањето 2.13

Дали часовите често пати се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците?		
Никогаш	Понекогаш	Често
15	19	5

Изразено во проценти, 38% од анкетираните наставници сметаат дека часовите никогаш не се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците, скоро половина, односно 49% одговориле дека часовите понекогаш се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците и 13% се изјасниле дека часовите честопати се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците.




Графикон 35: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.13

На прашањето: „Дали агресивните ученици се свесни дека постои проблем во нивното однесување?“, од вкупно 39 анкетирани наставници, 5 сметаат дека агресивните ученици никогаш не се свесни дека постои проблем во нивното однесување, 21 одговориле дека агресивните ученици понекогаш се свесни дека постои проблем во нивното однесување и 13 се изјасниле дека често агресивните ученици се свесни дека постои проблем во нивното однесување.

Табела 42: Одговори на прашањето 2.14

Дали агресивните ученици се свесни дека постои проблем во нивното однесување?		
Никогаш	Понекогаш	Често
5	21	13

Процентуално претставено, 13% од наставниците одговориле дека агресивните ученици никогаш не се свесни дека постои проблем во нивното однесување, 54% се изјасниле дека понекогаш агресивните ученици се свесни дека постои проблем во нивното однесување и 33% сметаат дека агресивните ученици често се свесни дека постои проблем во нивното однесување.



Графикон 36: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.14

На прашањето: „Дали мислите дека постои тригер, кој претходи на агресивното однесување на ученикот?“, 15 наставници сметаат дека понекогаш постои тригер кој претходи на агресивното однесување на ученикот и 24 одговориле дека често постои тригер кој претходи на агресивното однесување на ученикот.

Табела 43: Одговори на прашањето 2.15

Дали мислите дека постои тригер, кој претходи на агресивното однесување на ученикот?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	15	24

Искажано во проценти, 62% од анкетираните наставници одговориле дека постои тригер кој претходи на агресивното однесување на ученикот и 38% од нив сметаат дека понекогаш постои тригер кој претходи на агресивното однесување на ученикот.



Графикон 44: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.15

На прашањето: „Дали агресивните ученици се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем?“, по 5 наставници одговориле дека агресивните ученици никогаш не се трудат, односно дека често се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем, а 29 наставници сметаат дека агресивните ученици понекогаш се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем.

Табела 45: Одговори на прашањето 2.16

Дали агресивните ученици се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем?		
Никогаш	Понекогаш	Често
5	29	5

Според процентуалниот приказ, 74% од наставниците одговориле дека агресивните ученици понекогаш се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем, а по 13% сметаат дека тие често се трудат, односно дека никогаш не се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем.



Графикон 38: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.16

На прашањето: „Дали овие ученици имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот?“, 5 наставници сметаат дека агресивните ученици никогаш немаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот, 27 од наставниците одговориле дека овие ученици понекогаш имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот и 7 се изјасниле дека агресивните ученици често имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот.

Табела 46: Одговори на прашањето 2.17

Дали овие ученици имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот?		
Никогаш	Понекогаш	Често
5	27	7

Процентуално претставено, 13% од наставниците одговориле дека овие ученици никогаш немаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот, 69% се изјасниле дека агресивните ученици понекогаш имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот и 18% сметаат дека овие ученици често имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот.



Графикон 39: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.17

На прашањето: „Дали наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?“, од вкупно 39 анкетирани наставници, 28 одговориле дека наставниците често им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето и 11 дека тие понекогаш им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.

Табела 47: Одговори на прашањето 2.18

Дали наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	11	28

Според процентуалната прераспределба, 72% од анкетираните наставници се изјасниле дека често им помагаат на агресивните ученици да почнат да си го контролираат однесувањето и 28% од нив одговориле дека наставниците понекогаш им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.



Графикон 40: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.18

На прашањето „Дали соучениците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?“, според одговорите на наставниците, 2 сметаат дека соучениците никогаш не им помагаат на агресивните ученици да почнат да си го контролираат однесувањето, 26 сметаат дека соучениците тоа го прават понекогаш и 11 одговориле дека соучениците често им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.

Табела 48: Одговори на прашањето 2.19

Дали соучениците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?		
Никогаш	Понекогаш	Често
2	26	11

Според процентуалниот приказ на одговорите, 5% од наставниците одговориле дека соучениците никогаш не им помагаат на агресивните ученици да почнат да си го контролираат однесувањето, 67% од наставниците сметаат дека соучениците помагаат понекогаш и 28% наставници одговориле дека соучениците често им помагаат на агресивните ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.



Графикон 41: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.19

На прашањето: „Дали постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици?“, 2 наставници сметаат дека никогаш не постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици, 26 одговориле дека вакви обрасци постојат понекогаш и 11 сметаат дека често постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици.

Табела 49: Одговори на прашањето 2.20

Дали постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици?		
Никогаш	Понекогаш	Често
2	26	11

Изразено во проценти, 5% од наставниците сметаат дека никогаш не постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици, 28% се изјасниле дека обрасни на однесување кај овие ученици често постојат и 67% одговориле дека понекогаш постојат забележителни обрасци на однесување кај агресивните ученици.



Графикон 50: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.20

На прашањето: „Дали однесувањето се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот?“, 7 од анкетираните наставници одговориле дека агресивното однесување на учениците се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот, 27 наставници не знаат кога се јавува овој вид на однесување и 5 наставници се изјасниле дека ова однесување не се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот.

Табела 51: Одговори на прашањето 2.21

Дали однесувањето се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот?		
Да	Не знам	Не
7	27	5

Според процентуалната распределба на одговорите, 18% од наставниците сметаат дека однесувањето се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот, 69% одговориле дека не знаат кога се јавува ова однесување и 13% сметаат дека агресивното однесување на учениците не се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот.



Графикон 43: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.21

На прашањето: „Дали постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања?“, само 2 од вкупно 39 наставници сметаат дека никогаш не постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања, 26 одговориле дека вакви фактори постојат понекогаш и 11 се изјасниле дека често постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања.

Табела 52: Одговори на прашањето 2.22

Дали постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања?		
Никогаш	Понекогаш	Често
2	26	11

Изразено во проценти, 5% од анкетираните наставници одговориле дека никогаш не постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања., 28% сметаат дека често постојат вакви фактори и 67% одговориле дека понекогаш постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања.



Графикон 44: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.22

На прашањето: „Дали се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина?“, 4 наставници одговориле дека никогаш не се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина, 26 наставници сметаат дека тоа се случува понекогаш и 9 наставници се изјасниле дека често се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина.

Табела 53: Одговори на прашањето 2.23

Дали се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина?		
Никогаш	Понекогаш	Често
4	26	9

Според процентуалната распределба, 10% од анкетираните одговориле дека никогаш не се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина, 23% сметаат дека често негативните однесувања исполнуваат цел или причина и 67% одговориле дека понекогаш негативните однесувања исполнуваат цел или причина.



Графикон 46: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.23

На прашањето: „Дали ученикот може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата?“, според одговорите на прашањето, 5 наставници сметаат дека ученикот никогаш не може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата, 32 наставници сметаат дека понекогаш ученикот е во состојба да ги објасни чувствата и 2 наставници одговориле дека ученикот често може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата.

Табела 54. Одговори на прашањето 2.24

Дали ученикот може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата?		
Никогаш	Понекогаш	Често
5	32	2

Процентуално претставено, 5% од анкетираните наставници сметаат дека ученикот често може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата, 13% сметаат дека ученикот никогаш не може да го направи тоа и 82% одговориле дека ученикот понекогаш може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата.



Графикон 47: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.24

На прашањето: „Дали ученикот може да зборува за тоа откако ќе се смири?“ од 39 наставници, 5 одговориле дека ученикот никогаш не може да зборува за тоа откако ќе се смири, 7 пак сметаат дека ученикот често може да зборува за неговото агресивно однесување откако ќе се смири и 27 одговориле дека ученикот понекогаш може да зборува за тоа откако ќе се смири.

Табела 55: Одговори на прашањето 2.25

Дали ученикот може да зборува за тоа откако ќе се смири?		
Никогаш	Понекогаш	Често
5	27	7

Изразено во проценти, 13% од анкетираните наставници сметаат дека ученикот никогаш не може да зборува за неговото агресивно однсеување откако ќе се смири, 18% од наставниците пак, сметаат дека ученикот често може да зборува за своето агресивно однесување и 69% од анкетираните наставници одговориле дека ученикот понекогаш може да зборува за своето агресивно однесување откако ќе се смири.



Графикон 48. Графички приказ на одговорите на прашањето 2.25

На прашањето: „Дали ученикот ги разбира очекувањата во училницата?“, 15 од наставниците одговориле дека ученикот често ги разбира очекувањата во училницата и 24 дека ученикот понекогаш ги разбира очекувањата во училницата.

Табела 56: Одговори на прашањето 2.26

Дали ученикот ги разбира очекувањата во училницата?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	24	15

Според процентуалниот приказ, 38% од наставниците сметаат дека ученикот често ги разбира очекувањата за однесувањето во училницата, а 62% одговориле дека ученикот понекогаш ги разбира очекувањата во училницата.



Графикон 49: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.26

На прашањето: „Дали ученикот имал вакво однесување претходно?“, само 3 од 39 наставници одговориле дека ученикот кој е агресивен и претходно често имал такво однесување, а 36 наставници сметаат дека ученикот претходно понекогаш имал вакво однесување.

Табела 57: Одговори на прашањето 2.27

Дали ученикот имал вакво однесување претходно?		
Никогаш	Понекогаш	Често
0	36	3

Изразено во проценти, 8% од анкетираните наставници сметаат дека ученикот често имал вакво однесување претходно, а високи 92% одговориле дека ученикот понекогаш имал вакво однесување претходно.



Графикон 58: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.27

На прашањето: „Дали очекувањата во училницата се огромни за ученикот?“, 7 од 39 анкетирани наставници одговориле дека очекувањата во училницата никогаш не се огромни за ученикот, 23 наставници сметаат дека овие очекувања понекогаш се огромни за ученикот и 9 наставници се изјасниле дека очекувањата во училницата често се огромни за ученикот.

Табела 59: Одговори на прашањето 2.28

Дали очекувањата во училницата се огромни за ученикот?		
Никогаш	Понекогаш	Често
7	23	9

Процентуално претставено, 18% од анкетираните наставници одговориле дека очекувањата во училницата никогаш не се огромни за ученикот, 23% пак сметаат дека овие очекувања често се огромни и 59% се изјасниле дека очекувањата во училницата понекогаш се огромни за ученикот.




Графикон 51. Графички приказ на одговорите на прашањето 2.28

На прашањето: „Што сметате дека дополнително ги раздразнува агресивните ученици?“, од повеќето понудени одговори, 2 наставници сметаат дека агресивните ученици дополнително ги раздразнува тоа што за неговото однесување го известуваат класниот раководител, 3 наставници одговориле дека тоа е давањето на дополнителни задачи, 8 сметаат дека тоа е суспендирањето, 10 наставници одговориле дека дополнителна агресија кај учениците предизвикува тоа што за него се кажува лошо пред целиот клас и најмногу одговори, 16, велат дека кај овие ученици дополнителна агресија предизвикува тоа што наставниците ги контактираат нивните родители.

Табела 60: Одговори на прашањето 2.29

Што сметате дека дополнително ги раздразнува агресивните ученици?	Тоа што за неговото однесување го известувате класниот раководител	2
	Тоа што му давате дополнителни задачи	3
	Тоа што го суспендирате	8
	Тоа што ќе кажете зошто се однесувал лошо пред целиот клас	10
	Тоа што ги контактирате родителите	16

Според процентуалната распределба, 41% од анкетираните наставници сметаат дека дополнителна агресија кај веќе агресивните ученици претставува тоа што наставниците ги контактираат родителите, 26% од наставниците сметаат дека дополнителна агресија предизвикува тоа што за тие ученици се зборува лошо пред цел клас, 20% сметаат дека овие ученици дополнително се раздразнуваат доколку се суспендирани и 8% сметаат дека тоа го предизвикува давањето на дополнителни задачи и 5% дека агресивните ученици дополнително се раздразнуваат доколку за нивното однесување се известува нивниот класен раководител.



Графикон 52: Графички приказ на одговорите на прашањето 2.29

Во анкетниот прашалник за родители одговорија 75 родители.

На прашањето: „Дали Вие како родител сте свесни за однесувањето на Вашето дете во училиштето?“, од вкупно 75 анкетирани родители, дури 69 се изјасниле дека се свесни за однесувањето на нивното дете во улилиштето, не навлегувајќи во фактот дали тоа однесување е позитивно или негативно.

Табела 61: Одговори на прашањето 3.1

Дали Вие како родител сте свесни за однесувањето на Вашето дете во училиштето?		
Да	Не знам	Не
69	5	1

Искажано во проценти, високи 92% од анкетираните родители одговориле дека се запознаени со однесувањето на своето дете во училиштето, 7% не знаат дали се запознаени и само 1% се изјасниле дека не се запознаени со однесувањето на своето дете во училиштето.



Графикон 53: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.1

На прашањето: „Дали гледате слично однесување дома?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 59 одговориле дека гледаат слично однесување дома, само 5 родители се изјасниле дека не знаат дали однесувањето дома е слично на она во училиште и 11 сметаат дека нивното дете не се однесува слично кога е дома.

Табела 62: Одговори на прашањето 3.2

Дали гледате слично однесување дома?		
Да	Не знам	Не
59	5	11

Процентуално гледано, високи 79% од родителите одговориле дека однесувањето на нивното дете во училиштето е слично на неговото однесување дома, само 7% од анкетираните се изјасниле дека не знаат дали децата слично се однесуваат дома и на училиште и 14% одговориле дека не знаат дали однесувањето на детето во училиштето е слично со однесувањето дома.



Графикон 54: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.2

На прашањето: „Дали ученикот имал вакво однесување претходно?“, од вкупниот број на анкетирани родители, 45 се изјасниле дека однесувањето на нивното дете не е променето, 11 одговориле дека не знаат дали однесувањето на нивното дете е исто како претходно, а 19 се изјасниле дека однесувањето на нивното дете не е променето, односно дека ученикот имал вакво однесување и претходно.

Табела 63: Одговори на прашањето 3.3

Дали ученикот имал вакво однесување претходно?		
Да	Не знам	Не
45	11	19

Искажано во проценти, повеќе од половината, односно 60% од анкетираните родители одговориле дека ученикот, односно нивното дете имало вакво однесување и претходно, 15% се изјасниле дека не знаат дали однесувањето на нивното дете е променето, а 25% одговориле дека однесувањето на нивното дете не е променето.



Графикон 55: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.3

На прашањето: „Дали дома се случува нешто ново?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 15 одговориле дека во нивниот дом не се случува ништо ново, 5 одговориле дека не знаат дали во нивниот дом се случува нешто ново, а 55 се изјасниле дека во нивниот дом не се случува ништо ново.

Табела 64: Одговори на прашањето 3.4

Дали дома се случува нешто ново?		
Да	Не знам	Не
15	5	55

Процентуално гледано, 20% од анкетираните родители се изјасниле дека во нивниот дом не се случува ништо ново, само 7% одговориле дека не знаат дали во нивниот дом се случува нешто нови и високи 73% одговориле дека во нивниот дом не се случува ништо ново.




Графикон 56: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.4

На прашањето: „Дали родителите имаат некои дополнителни информации за однесувањето на Вашето дете што би биле корисни?“, 31 од анкетираните родители се изјасниле дека имаат дополнителни информации кои може да го објаснат однесувањето на нивното дете, 9 од родителите не се сигурни дека имаа информации, односно одговориле со не знам и 35 родители одговориле дека немаат дополнителни информации за однесувањето на нивното дете.

Табела 65: Одговори на прашањето 3.5

Дали родителите имаат некои дополнителни информации за однесувањето на Вашето дете што би биле корисни?		
Да	Не знам	Не
31	9	35

Изразено во проценти, 41% од анкетираните родители одговориле дека имаат дополнителни информации за однесувањето на нивното дете, 12% не знаат дали имаат дополнителни информации за однесувањето, а скоро половина, односно 47% одговориле дека немаат дополнителни информации за однесувањето на нивното дете.



Графикон 57: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.5

На прашањето: „Ако има други возрасни во домот, како другите возрасни во домот реагираат на однесувањето на детето?“, од вкупниот број на анкетирани лица 27 одговориле дека и другите возрасни во домот реагираат на однесувањето на нивното дете, 21 од нив одговориле дека во нивниот дом нема други возрасни, а 27 се изјасниле дека останатите возрасни не реагираат на однесувањето на детето.

Табела 66: Одговори на прашањето 3.6

Ако има други возрасни во домот, како другите возрасни во домот реагираат на однесувањето на детето?		
Да	Нема други возрасни	Не
27	21	27

Искажано во проценти, по 36% од анкетираните родители се изјасниле дека останатите возрасни во домот реагираат, односно не реагираат на однесувањето на децата, а останатите 28% одговориле дека нема други возрасни во домот.



Графикон 58: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.6

На прашањето: „Ако има други деца во семејството, дали тие имаат слични навики во однесувањето?“, 27 од анкетираните родители одговориле дека останатите деца во семејството имаат слични навики во однесувањето, 23 од анкетираните родители се изјасниле дека останатите деца во семејството немаат слични навики во однесувањето и 25 од нив одговориле дека нивното дете е единствено дете во семејството, односно дека во семејството нема други деца.

Табела 67: Одговори на прашањето 3.7

Ако има други деца во семејството, дали тие имаат слични навики во однесувањето?		
Да	Нема други деца	Не
27	25	23

Од вкупниот број на анкетирани родители, 36% се изјасниле дека останатите деца во семејството имаат слични навики во однесувањето, 3% одговориле дека останатите деца во семејството немаат слично однесување а една третина, односно 33% се изјасниле дека нивното дете е единствено во семејството.



Графикон 59: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.7

На прашањето: „Дали другите членови на семејството имале слични проблеми со однесувањето?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 23 одговориле дека постојат членови кои имале слично проблеми со однесувањето, 19 се изјасниле дека не знаат, а 23 дека нема други членови на семејството кои имаат слични проблеми со однесувањето.

Табела 68: Одговори на прашањето 3.8

Дали другите членови на семејството имале слични проблеми со однесувањето?		
Да	Не знам	Не
23	19	23

Изразено во проценти, 31% од анкетираните родители изјавиле дека има членови кои имале слично проблеми со однесувањето, 25% одговориле дека не знаат дали во нивното семејство има членови кои имаат слично однесување и 44% одговориле дека во нивното семејство нема членови кои имаат слично однесување како нивното дете.



Графикон 60: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.8

На прашањето: „Дали родителите мислат дека знаат зошто ученикот се однесува на овој начин?“, 59 од вкупно 75 анкетирани родители одговориле дека знаат зошто нивното дете така реагира, 11 се изјасниле дека не знаат, а само 5 одговориле дека не знаат зошто нивното дете така се однесува.

Табела 69: Одговори на прашањето 3.9

Дали родителите мислат дека знаат зошто ученикот се однесува на овој начин?		
Да	Не знам	Не
59	11	5

Процентуално гледано, високи 79% од родителите одговориле дека знаат зошто нивното дете се однесува така, 14% одговотиле дека не знаат и само 7% не знаат зошто нивното дете се однесува така.



Графикон 61: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.9

На прашањето: „Дали сметате дека наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?“, постојат комплетно поделени мислења. Имено 9 од анкетираните родители одговориле дека не знаат дали системот за казнување е добро искористен од страна на наставниците, а по 33 одговориле дека овој систем не е, односно е добро искористен.

Табела 70: Одговори на прашањето 3.10

Дали сметате дека наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?		
Да	Не знам	Не
33	9	33

Искажано во проценти, по 44% одговориле дека наставниците добро го користат, односно не го користат добро системот за казнување на учениците и 12% одговориле дека не знаат дали добро се користи системот за казнување на учениците.



Графикон 62: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.10

На прашањето: „Дали сметате дека наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?“, вкупно 53 анкетирани родители одговориле потврдно, само 3 одговориле дека не знаат дали наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците, а 19 од нив се изјасниле дека наставниците не обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците.

Табела 71: Одговори на прашањето 3.11

Дали сметате дека наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?		
Да	Не знам	Не
53	3	19

Процентуално претставено, високи 71% од анкетираните родители се согласуваат дека наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците, само 4% одговориле со не знам и 25% одговориле дека наставниците не обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците.



Графикон 63: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.11

На прашањето: „Дали сметате дека правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 49 одговориле дека правилата за добро однесување се убаво објаснети и разбрани од страна на сите ученици, само 3 одговориле со „не знам“ и 23 сметаат дека овие правила не се добро објаснети и разбрани.

Табела 72: Одговори на прашањето 3.12

Дали сметате дека правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?		
Да	Не знам	Не
49	3	23

Искажано во проценти, 65% од анкетираните сметаат деека правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици, само 4% не знаат дали овие правила се добро објаснети или не и 31% одговориле дека правилата за добро однесување не се добро објаснети и разбрани.



Графикон 64: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.12

На прашањето: „Дали сметате дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?“, само 7 од анкетираните родители одговориле дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување, 19 од анкетираните не знаат дали наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување и 49 од родителите одговориле дека наставниците не користат високо ниво на санкции за лошо однесување.

Табела 73: Одговори на прашањето 3.13

Дали сметате дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?		
Да	Не знам	Не
7	19	49

Процентуално гледано, само 10% од анкетираните родители сметаат дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување, 25% одговориле со не знам, а високи 65% од родителите сметаат дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување.



Графикон 65: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.1

На прашањето: „Дали сметате дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 53 одговориле дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, а по 11 од нив одговориле дека не знаат, односно дека не постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот.

Табела 74: Одговори на прашањето 3.14

Дали сметате дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?		
Да	Не знам	Не
53	11	11

Искажано во проценти, 71% од анкетираните родители сметаат дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, а по 14,5% се изјасниле дека не постојат, односно дека не знаат дали постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот.



Графикон 66: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.14

На прашањето: „Дали сметате дека наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?“, дури 57 од анкетираните родители одговориле дена наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето, само 7 одговориле дека не знаат и 11 се изјасниле дека сметаат дека наставниците не им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.

Табела 75: Одговори на прашањето 3.15

Дали сметате дека наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?		
Да	Не знам	Не
57	7	11

Процентуално претставено, дури 76% од анкетираните се согласуваат дека наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето, 9% не знаат дали наставниците помагаат, а 15% одоговориле дека според нив наставниците не им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето.



Графикон 67: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.15

На прашањето: „Дали сметате дека очекувањата во училницата се огромни за ученикот?“, од вкупно 75 анкетирани родители, 35 одговориле дека очекувањата во училницата се огромни за ученикот, 19 од нив одговориле дека не знаат и 21 сметаат дека очекувањата во училницата не се огромни за ученикот.

Табела 76: Одговори на прашањето 3.16

Дали сметате дека очекувањата во училницата се огромни за ученикот?		
Да	Не знам	Не
35	19	21

Искажано во проценти, скоро половина од анкетираните родители, односно 47% одговориле со „да“, 25% одговориле дека не знаат и 28% се изјасниле дека според нив, очекувањата во училницата не се огромни за ученикот.



Графикон 68: Графички приказ на одговорите на прашањето бр.3.16

2. КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Во овој дел од магистерскиот труд е претставена квалитативната анализа на резултатите преку толкувања на добиените резултати, кои се тука со цел да се потврдат или отфрлат поставените хипотези.

Посебната хипотеза 1 гласи:

Ако семејството неправилно го воспитува ученикот, тогаш тој ќе има агресивно однесување.

Независната варијабла во оваа хипотеза претставува однесувањето на децата и надвор од училиштето и истата беше испитувана со помош на одговорите на прашањата од анкетниот прашалник за родители 1, 2, 3, 5 и 9 како независна варијабла,

Како независна варијабла е агресивното однесување, кое за оваа хипотеза беше испитувано преку одговорите на прашањата кои објаснуваат како родителите ги перцепираат училиштата и наставниците, дали родителите се свесни за однесувањето на своето дете во училиштето и дали сметаат дека истото однесување се гледа и дома, како и дали имаат дополнителни информации со кои може да се објасни начинот на кој се однесува нивното дете и дали знаат зошто се однесува така.

Вредноста на независната варијабла е за посебната хипотез а1 е 1,488.



Графикон 69: Вредности на варијаблите за посебната хипотеза 1

Зависната варијабла претставува однесувањето на учениците и е испитувана со помош на одговорите на прашањата 13, 14 и 16 како одговори за зависната варијабла. Па така е испитувано дали родителите сметаат дека наставниците користат високо

ниво на санкции за лошо однесување, дали мислат дека има многу предупредувања и како какви ги перцепираат очекувањата за однесувањето во училницата.

Вредноста на зависната варијабла за посебната хипотеза 1 е 1,795556.

Според добиените резултати, може да се каже дека посебната хипотеза 1 е потврдена, односно дека е точно тврдењето:

Ако семејството неправилно го воспитува ученикот, тогаш тој ќе има агресивно однесување.

Посебната хипотеза 2 гласи:

Ако не постојат еднакви правила за сите ученици, тогаш некои од нив може да развијат агресивно однесување.

Независна варијабла во оваа хипотеза претставува однесувањето на наставниците кон учениците и истата беше испитувана со помош на одговорите на прашањата од анкетниот прашалник за наставници 10, 11, 12, 14 и 15 како одговори за независната варијабла, односно преку овие прашања беше испитувано дали учениците ги знаат правилата на добро однесување и дали оние кои се однесуваат лошо, се казнуваат брзо со високо ниво на санкции и дали за оние ученици кои се однесуваат добро, постојат пофалби и позитивно внимание.

Вредноста на независната варијабла за посебната хипотеза 2 е 2,358974.

Зависната варијабла ни го претставува однесувањето на учениците и таа е испитувана преку одговорите на прашањата 5, 17, 18 и 19. Тука е испитувано дали учениците се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување, дали наставата се прекинува поради нивното несоодветно однесување, дали постои некоја причина поради кои тие се такви и дали се свесни за нивното агресивно однесување.



Графикон 70: Вредности на варијаблите за посебната хипотеза 2

Вредноста на зависната варијабла за посебната хипотеза 2 е 2,128205.

Според добиените резултати, може да се каже дека посебната хипотеза 2 е потврдена, односно дека е точно тврдењето:

Ако не постојат еднакви правила за сите ученици, тогаш некои од нив може да развијат агресивно однесување.

Посебната хипотеза 3 гласи:

Ако учениците не се соодветно разбрани, тогаш тие ќе развијат агресивно однесување.

Независната варијабла во оваа хипотеза претставува разбирањето на однесувањето на учениците и истата е испитувана со прашањата 8, 9, 10 и 12 од анкетниот прашалник за ученици, од каде се гледа како учениците го перцепираат однесувањето на наставниците, дали сметаат дека тој им помага, односно ги разрешува кавгите помеѓу учениците, дали е смирен кога тие се однесуваат несоодветно, како и дали е реален и доследен во очекувањата за нивното однесување.

Вредноста на независната варијабла за посебната хипотеза 3 е 2,595395.



Графикон 71: Вредности на варијаблите за посебната хипотеза 3

Зависната варијабла во оваа хипотеза е однесувањето на учениците и таа е испитувана преку одговорите на прашањата 13, 15 и 19 од анкетниот прашалник за ученици. Тука е испитувано дали учениците сметаат дека класниот раководител е пристрасен кон некои ученици, како и дали има фер правила за часот, кои се јасно објаснети.

Вредноста на зависната варијабла за посебната хипотеза 3 е 2,355263.

Според добиените резултати, може да се каже дека посебната хипотеза 2 е потврдена, односно дека е точно тврдењето:

Ако учениците не се соодветно разбрани, тогаш тие ќе развијат агресивно однесување.

Со потврдување на посебните хипотези 1, 2 и 3 се потврдува и главната хипотеза која гласи: **Агресивното однесување на учениците се појавува како резултат на повеќе фактори.**

Со докажување на главната хипотеза, се докажува и дека доколку се создадат соодветни услови од повеќе фактори, тогаш учениците може да развијат агресивно однесување.

Од истражувањето може да се забележи дека скоро половина од анкетираните ученици сметаат дека придонесуваат во училиштето, што е добар знак, но сепак треба да се поработи со останатата половина, кои одговориле со „не“ и со „не знам“ и на нив да им се објасни дека секој придонесува во училиштето. Можеби не се во голем број, но сепак загрижува фактот што 15 ученици одговориле дека има нешто во училиштето кое ги плаши. Ова треба да се разгледа бидејќи во училиштето не смее да има ниту

еден ученик кој смета дека во него постои нешто што го плаши. Добро е што повеќе од половина ученици се изјасниле дека во училиштето постои нешто што ги инспирира, дека тие имаат на кого да се обратат и дека постои некој кој е среќен што може да разговара со нив. 67 од анкетираните ученици сметаат дека е во ред понекогаш да се направи грешка и исто толку ученици се свесни дека за каков било проблем можат да му се обратат на својот класен раководител. Повеќе од половина ученици својот класен раководител го доживуваат како смирен човек, кој ги разрешува кавгите помеѓу учениците и е реален и доследен во очекувањата во врска со нивното однесување. Иако учениците се согласуваат дека нивниот класен раководител им кажал какво однесување очекува од нив, и има фер правила за секој од нив подеднакво, сепак постојат ученици кои сметаат дека нивниот класен раководител не е смирен кога учениците не се однесуваат соодветно, и скоро исто толку сметаат дека нивниот класен е пристрасен кон одредени ученици. Голем број од анкетираните ученици се согласуваат дека нивниот класен раководител го цени времето кога работат напорно кон постигнување на добри резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности, или пак кога ги води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел и дека тој ги охрабрува да имаат подобри перформанси. Добро е што помалку од 10% од анкетираните ученици мислат дека во нив најмногу веруваат соучениците и со оваа група на ученици треба да се поработи во иднина. Исто така, на учениците треба да им се објасни и како функционира себевреднувањето, бидејќи 7 ученици се опишале себе како мрзливи и 1 како немирен.

Од истражувањето може да се забележи дека сите ученици понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување, но сепак голем дел од нив истите ги почитуваат, иако постои претходно обезбедена јасна насока за тоа како тие треба да се однесуваат. Најмногу поделени одговори постојат во врска со емоционалната атмосфера во училиштето, каде 19 наставници сметаат дека таа никогаш не е негативна, а 20 одговориле дека истата понекогаш е негативна. Иако правилата за добро однесување се убаво објаснети и разбрани и повеќепати повторени, сепак понекогаш е потребно да се користи системот за казнување на учениците, кој наставниците го користат добро. Сепак, постојат ученици кои се однесуваат добро и тие добиваат позитивно внимание, како и пофалби од страна на класниот раководител.

Според мислењата на наставниците, учениците кои се однесуваат лошо се казнуваат бргу иако претходно постојат повеќе предупредувања за нивното однесување. Поголем дел од наставниците сметаат дека агресивните ученици се свесни

дека постои проблем во своето однесување и во повеќето случаи можат да ги објаснат чувствата, но исто така сметаат и дека постојат забележителни обрасци, но и тригер кој претходи на ваквото однесување. Охрабрува фактот што 29 од анкетираните наставници се изјасниле дека овој вид на ученици често имаат одговор на тоа што го предизвикало нивното однесување и истите се трудат да помогнат во решавањето на определен проблем. Добро е што и наставниците и соучениците се трудат да им помогнат на овој вид на ученици.

Според добиените резултати од одговорите на прашањата кои беа наменети за родители, може да се заклучи дека е добро тоа што 92% од анкетираните родители одговориле дека се свесни за однесувањето на своето дете во училиштето, 79% од истите сметаат дека истото однесување се гледа и дома, а 60% од родителите одговориле дека однесувањето на нивното дете е непромнето, што не мора да значи дека е добра работа, бидејќи треба да се земе предвид дека тука спаѓа и агресивното однесување на учениците, кое може да остане непроменето. Скоро половина, односно 47% од анкетираните одговориле дека имаат некаква дополнителна информација која може да го објасни начинот на кој се однесува нивното дете. И за крај, високи 79% од анкетираните одговориле дека знаат зашто така се однесува нивното дете. Па така, 65% од анкетираните родители одговориле дека, според нив, наставниците не користат високо ниво на санкции за лошо однесување, дури 71% од анкетираните се согласуваат дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, и 47% од родителите сметаат дека очекувањата во училницата не се огромни за ученикот.

IV. ЗАКЛУЧОК

Целта на истражувањето беше да се воочат факторите кои го предизвикуваат проблемот (семејството, околината и самиот карактер на детето), потоа да се навлезе подлабоко во несаканите манифестации на агресијата (врсничко насилство, лажење, крадење) и како детето да се изгради во здрава возрасна личност. Актуелното во истражувањето беше како да се најде решение за проблемот наречен агресија или како тој да се манифестира во други облици кои нема да бидат штетни за детето, а воедно и за заедницата во која живее. Како помошни цели во овој труд беа: да се испита дали постојат полови разлики во директната и индиректната агресивност кај децата; да се испита дали темпераментот и полот имаат примарна улога кај агресивноста на децата и да се испита дали постои ефект на интеракција на полот и темпераментот во искажувањето на агресивноста. Истражувањето беше од квантитативен вид и карактер.

Ова истражување беше спроведено на 39 наставници, 75 ученици и 76 родители или вкупно на 190 испитаници по случаен избор од различна возраст, степен на образование, работен стаж итн.

Загрижува фактот што 15 ученици одговориле дека има нешто во училиштето кое ги плаши. Ова треба да се разгледа бидејќи во училиштето не смее да има ниту еден ученик кој смета дека во него постои нешто што го плаши. Можеби стравот е тој кој предизвикува агресија кај одредени ученици и ова во секој случај треба дополнително да се истражи. Мал број на ученици сметаат дека најмногу можат да веруваат на своите соученици, а не на родителите или класниот раководител. Според овие резултати и тука се отвара можност за нови истажувања.

Според резултатите од истражувањето, охрабрува фактот што повеќето наставници имаат добри мислења за учениците и истите ги третираат како личности кои можеби повремено прават нешто што не е во ред, но мора да се забележи дека постои строго поделено мислење во врска со емоционалната атмосфера која ја има во училиштето. Според авторот на трудот, недозволиво е половина од наставниците да сметаат дека понекогаш емоционалната атмосфера е негативна. Од истражувањето може да се забележи дека сите ученици понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување, но сепак голем дел од нив истите ги почитуваат. Позитивната работа во ова истражување е што од одговорите од анкетниот прашалник кој беше наменет за наставниците, може да се заклучи дека сите наставници работат со

агресивните ученици, и се трудат да ја разберат причината поради која се појавува ова однесување.

Според добиените резултати од одговорите на прашањата кои беа наменети за родители, добро е тоа што 92% од анкетираните родители одговориле дека се свесни за однесувањето на своето дете во училиштето, 79% од истите сметаат дека истото однесување се гледа и дома, а 60% од родителите одговориле дека однесувањето на нивното дете е непромнето, што не мора да значи дека е добра работа, бидејќи треба да се земе предвид дека тука спаѓа и агресивното однесување на учениците, кое може да остане непроменето. Скоро половина, односно 47% од анкетираните одговориле дека имаат некаква дополнителна информација која може да го објасни начинот на кој се однесува нивното дете. И за крај, високи 79% од анкетираните одговориле дека знаат зашто така се однесува нивното дете, но треба да се забележи дека тука спаѓаат и неагресивните ученици. Добро е што повеќе од половина од анкетираните родители одговориле дека според нив наставниците не користат високо ниво на санкции за лошо однесување, дури три четвртини од анкетираните се согласуваат дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот, и скоро половина од родителите сметаат дека очекувањата во училницата не се огромни за ученикот. Според одговорите од анкетниот прашалник кој беше наменет за родителите, може да се заклучи дека тие се свесни за однесувањето на своите деца во училиште и во најголем број ги поддржуваат наставниците во нивниот начин на казнување и наградување на учениците.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Bouillet, D., Uzelac,S. (2007) Osnove socijalne pedagogije, Zagreb, Školska kniga.

2) Vodak, P., Šamanek M., Šulc A. (1996) Mane I poremečaji ponašanja u dječijem dobu, Sarajevo, Jugoslovenski zavod za proučevanje školskih i prosvetnih pitanja.

3) Vasta, R., Haith, M., Miller, S. A. (1998) Dečja psihologija, Jastrebarsko, Naklada slap.

4) Graham, S., Hoehn, S. (1995) Children's Understanding of Aggression and Withdrawal as Social Stigmas - An Attribution Analysis, Child Development, New Jersey, Wiley.

5) Јаков, Лазароски (1997) Алтруистичко (просоцијално) и агресивно (антисоцијално) однесување, Скопје, Матица Македонска.

6) Kapor G. (1879) Problem shvatanja termina i pojmova agresija,agresivnost i agresivitet u psihijatriji i psihologiji- Seminar o agresiji,Beograd.

7) Kupersmidt, J., Coie, J. (1990) Preadolescent peer status, aggression, and school adjustment as predictors of externalizing problems in adolescence, Michigan, Merril-Palmer Quarterly,

8) Lindeman, M., Harakka,T., Keltikangas-Jarvinen, L. (1997) Age and Gender Differences in Adolescents' Reactions to Conflict Situations:Aggression, Prosociality and Withdrawal, Journal of Youth and Adolescence, *Journal of Youth and Adolescence* volume 26, 339–351

9) Петрова Ѓ., Е. (2014) Современото воспитание и образование, Штип, НУ-УБ "Гоце Делчев".

10) Popadić, D. (2009) Nasilje u školama, Beograd, Institut za psihologiju.
12) Rys, G.S., Bear, G.G. (1997) Relational Aggression and Peer Relations: Gender and developmental Issues, Michigan, Wayne State University Press.

13) Rašković J. (1979) Sociološki aspekti agresivnosti-Seminar o agresiji, Beograd

14) Singer M, Mikšaj-Todorović Lj. (1989) Delinkvencija mladih, Zagreb, Globus.

15) Skiner, B. F. (1969) Nauka i ljudsko ponašanje, Cetinje,.Obod.

16) Todorović A. (1971) Uzroci maloletničkog prestupništva, Beograd,Institut za kriminološka i kriminalistička istraživanja.

17) Hartup, W. W., Lieshout, C. (1995) Personality Development in Social Context, Minnesota, Annual Review.

18) Hartup, W.W. (1984) The Peer Contexst in Middle Childhood, bo Collins (ur) Development During Middle Childhood, District of Columbia, National Academy.

19) www.unicef.org

20) https://scindeks.ceon.rs/article.aspx?artid=0085-63200604589L

ПРИЛОГ 1
АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ
ПОЧИТУВАНИ!

Добиените податоци ќе се искористат исклучиво за потребите на истражувањето. Ве молам да одговорите внимателно на секое од поставените прашања, со што на тој начин Вие ќе дадете голем придонес во научно-истражувачкиот проект, што се спроведува на Меѓународниот Славјански Универзитет Г. Р. Державин, Свети Николе. Податоците ќе се користат исклучиво во научни цели.
Објаснување: **Анкетата е анонимна без име и презиме на анкетираниот**.

Колку години имате?
Кое одделение сте?
Пол

1. Дали сметате дека придонесувате во училиштето?

Да Не знам Не

2. Дали постои нешто во училиштето што ве плаши?

Да Не знам Не

3. Дали постои нешто во училиштето што ве инспирира?

Да Не знам Не

4. Дали има некој во училиштето кој е секогаш среќен што може да разговара со вас?

Да Не знам Не

5. Дали мислиш дека имаш на кого да се обратиш во училиштето?

Да Не знам Не

6. Дали сметаш дека е во ред некогаш да се направи грешка?

Да Не знам Не

7. Дали може да се обратите за помош на вашиот класен раководител?

Да Не знам Не

8. Дали вашиот класен раководител е смирен кога одредени ученици се однесуваат несоодветно?

Да Не знам Не

9. Дали вашиот класен раководител ги разрешува кавгите помеѓу учениците?

Да Не знам Не

10. Дали вашиот класен раководител е реален во очекувањата за однесувањето на учениците?

Да Не знам Не

11. Дали вашиот класен раководител ве запознал со неговите очекувања?

Да Не знам Не

12. Дали вашиот класен раководител е доследен во очекувањата за однесувањето?

Да Не знам Не

13. Дали постои пристрасност на вашиот класен раководител кон одредени ученици?

Да Не знам Не

14. Дали вашиот класен раководител повеќе посветува внимание на несоодветното однесување во однос на соодветното?

Да Не знам Не

15. Дали вашиот класен раководител јасно ви кажал какво однесување очекува од вас?

Да Не знам Не

16. Дали вашиот класен раководител ве води во поставување лични цели и развој на стратегии за постигнување на таа цел?

Да Не знам Не

17. Дали вашиот класен раководител го цени времето кога работите напорно кон постигнување на добро резултати на тест или добро изведување во воннаставни активности?

Да Не знам Не

18. Дали вашиот класен раководител го прашува секој од вас дали сте разбрале што сте научиле?

Да Не знам Не

19. Дали вашиот класен раководител има фер правила за часот и е крајно непристрасен?

Да Не знам Не

20. Дали вашиот класен раководител ве охрабрува да имате подобри перформанси?

Да Не знам Не

21. Кој мислите дека најмногу верува во вас?
    Соучениците, класниот, родителите
22. Кој збор ве опишува најдобро?

Мрзлив, вреден,нормален, темпераментен, немирен

ПРИЛОГ 2
АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ
ПОЧИТУВАНИ!

Добиените податоци ќе се искористат исклучиво за потребите на истражувањето. Ве молам да одговорите внимателно на секое од поставените прашања, со што на тој начин Вие ќе дадете голем придонес во научно – истражувачкиот проект, што се спроведува на Меѓународниот Славјански Универзитет Г. Р. Державин, Свети Николе. Податоците ќе се користат исклучиво во научни цели.
Објаснување: **Анкетата е анонимна без име и презиме на анкетираниот**.

I.ПОДАТОЦИ ЗА АНКЕТИРАНИОТ

Пол: 1. Машко 2. Женско Возраст (години): _____

Работен стаж_____ години Степен на образование:_____

1. Дали учениците понекогаш се однесуваат како да не ги знаат правилата за добро однесување?
2. Дали учениците ги следат правилата наметнати од наставниците?
3. Дали наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?
4. Дали наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?
5. Дали емоционалната атмосфера во училиштето е негативна и непријателска?
6. Дали правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?
7. Дали учениците кои се однесуваат лошо се казнуваат бргу?
8. Дали учениците кои се однесуваат добро добиваат позитивно внимание?
9. Дали наставниците ги повторуваат упатствата за добро однесување многу пати пред истите да бидат применети?
10. Дали наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?
11. Дали наставниците користат високо ниво на пофалби како одговор на напорите на учениците?
12. Дали постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?
13. Дали часовите често пати се прекинуваат поради несоодветно однесување на учениците?
14. Дали агресивните ученици се свесни дека постои проблем во нивното однесување?
15. Дали мислите дека постои тригер, кој претходи на агресивното однесување на ученикот?
16. Дали агресивните ученици се трудат да помогнат во решавањето на определен настанат проблем?
17. Дали овие ученици имаат одговор на тоа што го предизвикало проблемот?
18. Дали наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?

19. Дали соучениците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?
20. Дали постојат забележителни обрасци на однесувањекај агресивните ученици?
21. Дали однесувањето се јавува во врска со специфични активности, видови на задачи или периоди од денот?
22. Дали постојат фактори на животната средина кои се чини дека претходат на негативните однесувања?
23. Дали има други фактори, како што е медицинска состојба, доживување акутна или хронична болка, трауматски настани или употреба на алкохол или други супстанции што можат да влијаат на однесувањето на ученикот?
24. Дали се чини дека негативните однесувања исполнуваат цел или причина?
25. Дали ученикот може да ги опише или објасни чувствата за да помогне да се создаде објаснување за појавата?
26. Дали ученикот може да зборува за тоа откако ќе се смири?
27. Дали ученикот ги разбира очекувањата во училницата?
28. Дали ученикот имал вакво однесување претходно или е ново?
29. Дали очекувањата во училницата се огромни за ученикот?
30. Што сметате дека дополнително ги раздразнува агресивните ученици?

Тоа што се ставени во забелешка во дневник.

Тоа што за неговото однесување го известувате класниот раководител.

Тоа што го суспендирате.

Давањето на внатрешна суспензија.

Тоа што ќе кажете зошто се однесувал лошо пред целиот клас.

Тоа што ги контактирате родителите.

Тоа што му давате дополнителни задачи.

Тоа што го испрќате кај директорот.

Тоа што го испраќате кај социологот.

ПРИЛОГ 3
АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ
ПОЧИТУВАНИ!

Добиените податоци ќе се искористат исклучиво за потребите на истражувањето. Ве молам да одговорите внимателно на секое од поставените прашања, со што на тој начин Вие ќе дадете голем придонес во научно – истражувачкиот проект, што се спроведува на Меѓународниот Славјански Универзитет Г. Р. Державин, Свети Николе. Податоците ќе се користат исклучиво во научни цели.
Објаснување: **Анкетата е анонимна без име и презиме на анкетираниот**.

I.ПОДАТОЦИ ЗА АНКЕТИРАНИОТ

Пол: 1. Машко 2. Женско Возраст (години): _____

Работен стаж_____ години Степен на образование:_____

1. Дали Вие како родител сте свесни за однесувањето на Вашето дете во училиштето?
2. Дали гледате слично однесување дома?
3. Дали ученикот имал вакво однесување претходно?
4. Дали дома се случува нешто ново?
5. Дали родителите имаат некои дополнителни информации за однесувањето на Вашето дете што би биле корисни?
6. Ако има други возрасни во домот, како другите возрасни во домот реагираат на однесувањето на детето?
7. Ако има други деца во семејството, дали тие имаат слични навики во однесувањето?
8. Дали другите членови на семејството имале слични проблеми со однесувањето?
9. Дали родителите мислат дека знаат зошто ученикот се однесува на овој начин?
10. Дали сметате дека наставниците добро го користат системот за казнување на учениците?
11. Дали сметате дека наставниците обезбедуваат јасна насока кон тоа како треба да се однесуваат учениците?
12. Дали сметате дека правилата за добро однесување се објаснети и разбрани од сите ученици?
13. Дали сметате дека наставниците користат високо ниво на санкции за лошо однесување?
14. Дали сметате дека постојат многу предупредувања и опомени пред вистински да се казни ученикот?
15. Дали сметате дека наставниците им помагаат на овие ученици да почнат да си го контролираат однесувањето?
16. Дали сметате дека очекувањата во училницата се огромни за ученикот?

ПРИЛОГ 4 табели за вредности на посебните хипотези

Р.бр	Вредности на независната варијабла на посебната хипотеза 1								
1	69	5	1	75	69	10	3	82	1,093333
2	59	5	11	75	59	10	33	102	1,36
3	45	11	19	75	45	22	57	124	1,653333
5	31	9	35	75	31	18	105	154	2,053333
9	59	11	5	75	59	22	15	96	1,28
									7,44
									1,488

Р. бр	Вредности на зависната варијабла на посебната хипотеза 1								
13	7	19	49	75	7	38	147	192	2,56
14	53	11	11	75	53	22	33	108	1,44
15	57	7	11	75	57	14	33	104	1,386667
									5,386667
									1,795556

Р. бр	Вредности на независната варијабла на посебната хипотеза 2								
10	19	17	3	39	19	34	9	62	1,589744
11	2	13	24	39	2	26	72	100	2,564103
12	0	7	32	39	0	14	96	110	2,820513
14	5	21	13	39	5	42	39	86	2,205128
15	0	15	24	39	0	30	72	102	2,615385
									11,79487
									2,358974

Р. бр	Вредности на зависната варијабла на посебната хипотеза 2								
5	19	20	0	39	19	40	0	59	1,512821
17	5	27	7	39	5	54	21	80	2,051282
18	0	11	28	39	0	22	84	106	2,717949
19	2	26	11	39	2	52	33	87	2,230769
									8,512821
									2,128205

Р. бр	Вредности на независната варијабла на посебната хипотеза 3								
8	16	18	42	76	16	36	126	178	2,342105
9	4	4	68	76	4	8	204	216	2,842105
10	7	14	55	76	7	28	165	200	2,631579
12	7	19	50	76	7	38	150	195	2,565789
									10,38158
									2,595395

Р. бр	Вредности на зависната варијабла на посебната хипотеза 3								
13	27	31	18	76	27	62	54	143	1,881579
15	8	12	56	76	8	24	168	200	2,631579
19	7	20	49	76	7	40	147	194	2,552632
									7,065789
									2,355263